ROTARY INTERNATIONAL

------------------------------------------------------------------

# АБЕЦЕДАТА НА РОТАРИ

**од Клиф Дохтерман**

------------------------------------------------------------------

## Дефиниција за Ротари

Како би опишале една организација како Ротари? Ротари клубот има толку многу карактеристики и активности на милиони Ротаријанци. Меѓу многуте карактеристики на клубот спаѓаат и услугите, интернационализмот, пријателството, класификацијата на секоја професија, развитокот на добра волја и разбирање помеѓу луѓето во светот, истакнувањето на високи етнички стандарди, грижа за другите луѓе и многу други квалитети на клубот.

Во 1976 година интернационалниот борд на директори на Ротари сакаа да создадат суштествена дефиниција за фундаменталните аспекти на Ротари. Бордот се обрати до тројцата кои што тогаш служеа во одборот за односи со јавноста на Ротари со барање за изработка на едно реченична дефиниција за Ротари. После многу обиди, одборот излезе со следнава дефиниција која од тогаш се користи во сите публикации на Ротари:

“Ротари е бизнис организација на професионалци обединети низ целиот свет кои обезбедуваат хуманитарна помош, поттикнуваат високи етнички стандарди во сите професии и помагаат во изградбата на добра волја и мир во светот.”

Вреди да се запомнат овие 32 зборови во случај некој да Ве запраша: “Што прави Ротари клубот?”

---

## Официјалното знаме на Ротари

Ротари Интернационал свечено го усвои официјалното знаме на Ротари во 1929 год, на конвенцијата во Далас, Тексас. Знамето има бела позадина со официјалниот амблем - тркало со боја на злато во центарот. Тркалото е поделено на четири полиња обоени сино, од кои во горното и долното поле со златна боја е испишано “Ротари” и “Интернационал”. Оската во центарот заедно со централниот дел на тркалото се бели.

Првото официјално знаме на Ротари се вееше во Канзас Сити, Мисури во јануари 1915 год. Во 1922 год. Адмирал Ричард Бирд, член на Ротари клубот од Винчестер, Вирџинија постави мало знаме од Ротари на Јужниот пол. Четири години подоцна, адмиралот постави уште едно такво знаме, но овој пат на Северниот пол.

Некои Ротари клубови го користат официјалното знаме на Ротари како барјак на состаноците. Во такви случаи најдобро е да се напише “Ротари Клуб” над тркалото, а името на градот, државата или нацијата под амблемот.

Знамето на Ротари се вее секогаш над светското седиште на Ротари, како и на сите конвенции и официјални збиднувања во Ротари Интернационал.

---

## Тркалото - амблем на Ротари

Тркалото е симбол на Ротари уште од најраните денови. Ротаријанецот Монтагју Беар, резбар од Чикаго, го направи првиот дизајн на тркалото цртајќи едноставно тркало од запрежна кола со неколку линии од страните кои укажуваат на прашина и движење. Тркалото илустрираше “цивилизација и движење”. Публикациите и меморандумите на повеќето од раните клубови содржеа некаков цртеж на тркало од запрежна кола. Конечно, во 1922, се донесе одлука дека сите Ротари клубови треба да усвојат еден дизајн за еден единствен амблем на Ротари. Така, во 1923 год. “Rotary International Association” го усвои

сегашното тркало со 24 запци и шест пречки. Една група инженери советуваа дека тркалото механички не е целосно и не може да работи без отвор во средината преку кој тркалото би се поврзало со подвижна оска. Па, така, во 1923 год. беше додаден отворот во средината, а сегашниот дизајн на тркалото беше официјално усвоен за симбол на Ротари Интернационал.

## Секретаријат

За многу Ротаријанци Секретаријатот е само поинакво име за светското седиште на Ротари Интернационал во Еванстон, Илиноис, САД. Светското седиште е дел од Секретаријатот, но исто така дел од него се и уште околу 500 луѓе кои се грижат Ротари Интернационал да функционира без проблеми и ефективно. Самиот збор е описен и ги објаснува сите операции во целост на Генералниот Секретаријат и вработените. Го сочинуваат сите осум Ротари услужни центри - Rotary Service Centers (формално познати како канцеларии разграноци на Ротари - Branch Offices) во светот, вработените во нив, како и персоналот назначен на задача во Фондацијата Ротари. Главната улога на Секретаријатот е да им служи на клубовите, реоните и административните службеници на Ротари Интернационал и Фондацијата Ротари. Светското седиште на Ротари Интернационал е всушност главен штаб на Секретаријатот и се наоѓа во One Rotary Center зградата во Евансон.

## Некои од почетоците на Ротари

- Првиот состанок на Ротари клубот беше во Чикаго, Илиноис, на 23 февруари 1905 год.
- Првите регуларни состаноци за време на ужината беа во Оукланд, Калифорнија во 1909 год.
- Првата Ротари конвенција се одржа во Чикаго во 1910 год.

- Првиот Ротари клуб надвор од границите на САД беше оформен во Винипег, Манитоба, Канада во 1910 год.
- Првиот Ротари клуб надвор од Северна Америка беше оформен во Даблин, Ирска 1911 год.
- Првиот Ротари клуб формиран во неанглиско говорно подрачје беше во Хавана, Куба во 1916 год.
- Првиот Ротари клуб во Јужна Америка беше оформен во Монтевидео, Уругвај во 1918 год.
- Првиот Ротари клуб во Азија беше формиран во Манила, Филипините во 1921 год.
- Првиот Ротари клуб во Африка беше формиран во Јоханесбург, Јужна Африка во 1921 год.
- Првиот Ротари клуб во Австралија беше формиран во Мелбурн во 1921 год.

(оригинална идеа од “Scandal Sheet”)

---

## Цел на Ротари

Во некои делови од светот неделните состаноци на Ротари започнуваат со церемонија при што членовите стојат и ја рецитираат целта на Ротари. Оваа исказ е дел од Уставот на Ротари и може често да се види испишан на плакети по ѕидовите во канцелариите на многу Ротаријанци.

Целта на Ротари е “Да се поттикнува и негува идеалот за служење како основа за достојно претпријатие.” Во исказот потоа се набројуваат и четирите полиња кои даваат поддршка на “идеалот за служење”: развој на познанствата како можност за служење, промовирање на високи етнички стандарди во бизнисот и професиите, услуги во личниот, бизнис и животот во заедница, и напредок на разбирањето помеѓу народите, добрата волја и мирот.

Целта на Ротари не беше секогаш искажана на овој начин. Првичниот Устав во 1906 год. имаше три цели: промоција на службени интереси, промоција на добро пријателство и напредок на најдобрите интереси на заедницата. Кога во 1910 год. повеќе внимание се посвети на проширувањето на Ротари, бројот на

целите на клубот порасна на пет. Во 1916 год. Ротари имаше шест цели. Во 1918 год. целите беа повторно запишани и редуцирани на четири. Четири години подоцна бројот повторно порасна на шест, а во 1927 год. целите беа повторно разгледани.

Конечно, во 1935 год. на конвенцијата во Мексико Сити шестте цели беа уште еднаш разгледани и редуцирани на четири. Последната поголема промена се случи во 1951 год. кога целите беа реорганизирани во една едниствена цел која, пак, се манифестира на четири различни начини. ”Идеалот за служење” е клучниот дел од исказот за целта на Ротари. Идеалот значи дека подготвеноста да се помогне и промисленоста треба да ги красат сите дела на еден човек. Тоа е всушност значењето на целта на Ротари.

## Мотата на Ротари

Првото мото на Ротари Интернационал “Тој кој најдобро служи, највеќе ќе профитира” беше прифатено на втората Ротари конвенција во Портланд, Орегон во август 1911 год. Тоа всушност беше изјава на еден Ротаријанец од Чикаго, Арт Шелдон, како дел од неговиот говор во 1910 год. “Највеќе ќе профитира оној кој најдобро им служи на пријателите”, рече тој. Во исто време, Бен Колинс, претседател на Ротари клубот во Минеаполис, Минесота коментираше дека најдобриот начин за да се организира еден клуб е преку правилото кое овој клуб го имал прифатено “Служи, но не себе си”. Двата слогани, малку изменети, беа официјално прифатени за мото на Ротари на конвенцијата во Детроит 1950 год. - “Највеќе ќе профитира оној кој најдобро служи” и “Служба над сопствените интереси”. Во 1989 год. законодавното собрание на Ротари го изгласа второт мото “Служба над сопствените интереси” за основно мото на Ротари, бидејќи најдобро ја објаснува филозофијата на несебичното волонтерско служење.

## 100% присуство/посетеност

Редовното присуство е основно за еден цврст и активен Ротари клуб. Акцент на присуството се става уште од 1922 год. кога Ротари Интернационал прогласи натпревар за присуство во светски рамки, натпревар кој мотивираше илјадници Ротаријанци да постигнуваат 100% присуство година за година. Многу Ротаријанци се горди на својот рекорд од 100% присуство на состаноците на својот клуб или пак на тоа што ги надополнуваат изостаноците присуствувајќи на состаноци во други клубови.

Иако правилата на Ротари бараат 60% посетеност на состаноците, сепак 100% присуство стана неформлното најпосакувано ниво на посетеност. Редовното присуство е многу важно бидејќи секој член ја претставува својата професија или бизнис, така што отсуството го осиромашува разновидното членство во клубот и личните пријателства на секој член.

Од време на време имаше предлози да се дадат поени за присуство на оние кои оправдано не можат да дојдат на состаноците во клубот, без разлика дали причината е редовна служба во судот, обврски кон заедницата, присуство на некоја трговска конвенција, одмор во некое далечно место, крстарење, или, пак, заради болест или било какви посебни причини. Никој од предлозите не беше усвоен. Правилото е сосема јасно, ниеден Ротаријанец нема да добие поени за присуство ако не е присутен на состанокот.

Сепак, поени за присуство се даваат на оние Ротаријанци кои присуствуваат на некој вид на Ротари настан. Поени за присуство може да му се дадат на секој Ротаријанец од кого се бара да присуствува на состанок на Интеракт или Ротаракт. Поени исто така се доделуваат за присуство на регионални конференции на Ротари, регионален совет, меѓународна конвенција, Законодавен совет, состанок на меѓународен комитет, меѓуградски состанок и некои други посебни настани. Исклучок претставуваат и оние Ротаријанци кои активно учествуваат во некој реонски спонзориран проект во некое подалечно подрачје и немаат можност да присуствуваат на состаноците на нивниот клуб.

---

## The 4-way test

Еден од најпечатените и највеќе цитирани искази во врска со бизнис етиките во целиот свет е “4-way test” тестот на Ротари. Тестот го создаде Ротаријанецот Херберт Ј. Тејлор во 1923 год. кога му беше доверена една компанија за алуминиум од Чикаго. Компанијата беше пред банкрот. Тејлор бараше начин да ја спаси компанијата која грчевито се бореше со финансиски проблеми. Состави код за етика од 24 зборови кој требаше да го следат сите вработени во компанијата како во бизнисот, така и во професионалниот живот. 4-way тестот стана водич во продажбата, производството, рекламирањето и односите со дилерите и странките, а како резултат компанијата успеа да преживее.

Херб Тејлор стана претседател на Ротари Интернационал во 1954/54 год. Ротари го прифати 4-way тестот во 1943 год. и тој беше преведен на повеќе од 100 јазици и испечатен на илјадници начини. Пораката треба да ја знае и следи секој Ротаријанец. ”За работите кои ги мислиме, изговараме или правиме: 1. Дали тое е вистината? 2. Дали е тоа фер кон сите засегнати? 3. Дали тоа Ќе придонесе кон добра волја и подобри пријателства? 4. Дали е тоа корисно за сите засегнати?”

---

## Пол Харис - прв, но не и најпрв

Беше ли Пол Харис првиот претседател на еден Ротари клуб?

Не, не беше.

Беше ли Пол Харис првиот претседател на Ротари Интернационал?

Да.

Постои едно многу лесно објаснување за оваа очигледна контрадикторност. Пол Харис го основаше и организираше првиот Ротари клуб во Чикаго во 1905 год. но, за претседател

беше избран еден од другите членови основоположници на клубот, Силвестер Шил.

Во 1910 год. постоеја веќе 16 Ротари клубови кои се здружија во една организација наречена “Национална асоцијација на Ротари клубови”. Две години подоцна асоцијацијата беќе преименувана во “Меѓународна асоцијација на Ротари клубови”, бидејќи се оформи Ротари клуб во Винипег, Канада, а потоа и во Англија, Ирска и Шкотска. Во 1922 год. името на асоцијацијата се скрати на Ротари Интернационал.

Кога во 1910 год. се оформи првата организација на Ротари клубови, Пол Харис беше избран за прв претседател. Служеше две години од 1910 до 1912 год. Така, основоположникот на идејата за Ротари, кој го одби претседателското место во првиот Ротари клуб, стана првиот претседател на светската организација Ротари Интернационал.

---

## Имиња или прекари

Уште од најраните денови Ротаријанците меѓусебе сеословуваа по име. Бидејќи личните познанства и пријателството се основите на Ротари, многу клубови спонтано ги отфрлија титулите во меѓусебното комуницирање. Луѓето кои нормално сеословуваат со Доктор, професор, Господин, итн. во Ротари клубот се едноставно Петар, Марко или Никола. Обично само личното име се испишува на беџот кој го носат Ротаријанците.

Во некои области во Европа Ротаријанците сеословуваат меѓусебно на малку поформален начин. Во други делови од светот, особено во земјите во Азија, постои традиција на давање хумористичен прекар на сите нови Ротаријанци. Прекарите се создаваат на основа на личните карактеристики на новите членови или пак ја илустрираат нивната професија. На пример Ротаријанецот кого го викаат “Кислород” е производувач на производи од гас. “Дрвце” е тој кој работи во дрвната индустрија, “Градежниче” е работник по договор, “Хартиче” е по професија снабдувач на биро материјали. Други членови можат да носат прекари како “Мускул”, “Труба” или “Смешко” појдувајќи од нивните карактерни или физички особини.

Прекарите се редовен израз на добродушна забава и пријателство. Без разлика дали Ротаријанецот е ословуван по личното име или по прекарот, духот на личното пријателство е појдовниот чекор кон сите можности на услужување.

---

## Четирите авении на службата

Фразата “Четирите авении на службата” (Four Avenues of Service) често се употребува во литературата и информативниот материјал на Ротари. “Авениите” се однесуваат на четирите елементи на целта на Ротари: услугите на клубот, професионалните услуги, служба во заедницата и меѓународна служба.

Иако авениите на службата не постојат во ниеден дел од уставните документи на Ротари, концептот е усвоен како инструмент преку кој можат да се опишат основните области на активностите на Ротари.

- Услугите на клубот ги вклучуваат сите активности потребни на Ротаријанците да му овозможат на својот клуб да функционира успешно.
- Професионалните услуги се всушност можност за секој Ротаријанец да го прикаже достоинството и корисноста на својата професија на другите членови од клубот.
- Под служење на заедницата всушност се подразбираат активностите што Ротаријанците ги превземаат со цел да се подобри квалитетот на животот во нивната заедница. Тоа често подразбира помагање на младината, постарите лица, хендикепираните и на сите оние кои се обраќаат на Ротари за помош.
- Четвртата авенија, т.е. меѓународната служба подразбира многу проекти и активности од страна на Ротаријанците за пододбрување на разбирањето помеѓу народите, добрата волја и мирот. Проектите на меѓународната служба се креираат со цел да се задоволат хуманитарните потреби на луѓето во многу земји.

Кога Ротаријанецот ќе ги разбере и употреби овие “Четири авении на службата” целта на Ротари добива поголемо значење.

---

## The Rotarian и регионалните списанија

Април се нарекува месец на списанието на Ротари и е можност за поттикнување на употребата и читањето на официјалното РИ (Ротари Интернационал) списание “The Rotarian” и на другите регионални списанија.

”The Rotarian” постои од 1911 год. како средство на комуникација со Ротаријанците и начин да се подобри проектот и целта на Ротари. Главна цел на списанието е да се даде поддршка на годишната тема и филозофија на претседателот на РИ. Понатаму, списанието е и гласник за новите и посебни проекти и важни состаноци. “The Rotarian” става акцент на неколкуте официјални месеци на Ротари.

”The Rotarian” е форум на теми поврзани со Ротари и од општ интерес. Списанието е одличен извор на информации и идеи за проекти на состаноците на Ротари и окружните конференции. Многу статии повикуваат на меѓународно дружење, добра волја и разбирање. Редовните читатели се обичнајчесто одлично запознаени со активностите на Ротари и начинот на кој еден Ротаријанец може да се вклучи во Четирите авении на службата во светот.

Освен ”The Rotarian” постојат и 28 други регионални списанија, печатени на 22 јазици. И покрај тоа што секое од овие списанија има различен состав, сите се полни со нови информации и интересни нешта кои се читаат во април и преку целата година.

---

## Меѓународните обврски на Ротаријанецот

Како меѓународна организација, Ротари му нуди на секој Ротаријанец поволни можности и обврски. Иако приоритет на секој Ротаријанец се граѓанските обврски кон татковината, членувањето во Ротари им овозможува на Ротаријанците поинаков поглед на меѓународните работи. Во раните 1950ти беше развиена Ротаријанска филозофија за начинот на кој еден Ротаријанец би требало глобално да размислува. Еве како гласи:

“Светски ориентираниот Ротаријанец:

- гледа подалеку од нациналниот патриотизам и ја шири одговорноста за подобрување на разбирањето помеѓу народите, добрата волја и мирот;
- не оддолева на тенденцијата да покаже расна или национална супериорност;
- бара и открива нови полиња на разбирање помеѓу народите на различни земји;
- го брани законот и правото за заштита на слободата на индивидуата со цел да може да ужива во слободата на размислувањето, говорот и собири, слобода од гонење, агресија, недостиг на нешто и страв;
- ги поддржува делата насочени кон подобрување на животните стандарди и разбира дека сиромаштијата го загрозува растежот насекаде;
- ги поддржува правата на човековиот род;
- секогаш се стреми кон промовирање на мирот помеѓу нациите и е подготвен да се жртвува во оваа цел;
- секогаш се труди да го разбере она во кое другиот верува, што претставува всушност чекор кон меѓународната добра волја, свесноста за постоењето на определен основен морал и духовни стандарди кои обезбедуваат побогат, поисполнет живот.”

Ова е навистина голема задача за секој Ротаријанец да ја почитува и иполнува во мислите и делата!

---

## Стандардниот Устав на клубот

Ротари Интернационал е најтериторијалната организација во целиот свет. Постои во 151 земја, во дузина јазици, политички и социјални структури, традиции и религии. Како е можно сите Ротари клубови во светот, а ги има над 27 000, да функционираат идентично? Главниот одговор е стандардниот Устав на клубот.

Еден од условите за добивање на дозвола за оформување на Ротари клуб е прифаќање на стандардниот Устав на клубот, кој беше формално усвоен уште во 1922 год. Овој устав ги пропишува административните техники кои клубовите треба да ги

употребуваат во неделните состаноци, процедури за зачленување и класификација, услови за присуство и подмирување на долгови, заедно со други правила во врска со јавните прашања и политички позиции.

Овој уставен документ го дава форматот на сите Ротари клубови ширум светот. Кога овој Устав беше прифатен, беше истотака заклучено дека сите постоечки клубови би можеле да продолжат со своите тогашни Устави. Иако повеќето од тие клубови го прифатија стандардниот устав, неколку од нив сеуште работат според своите тогашни устави донесени пред 1922 год.

Стандардниот Устав е еден од носечките столбови на Ротари, бидејќи преку него функционираат илјадници заедници.

---

## Спонзорот на новиот член

Законите на Ротари одлично ја објаснуваат процедурата за еден можен член да биде предложен за членство. Оној кој предлага е клучна личност за растежот и развитокот на Ротари. Без спонзор, никој нема да  има  можност да стане Ротаријанец.

Предлагачот не треба само да остави име и презиме на секретарот на клубот или на комитетот за членство. Во Ротари не постојат официјални одговорности за предлагачи или спонзори, но, со текот на времето, оформени се некои кои се практикуваат во многу клубови. Спонзорот треба да:

1. Го покани можниот член на неколку состаноци пред да го предложи за членство.
2. Го однесе можниот член на еден или повеќе ориентациони или информативни состаноци.
3. Го претставува новиот член на сите Ротаријанци секоја недела во првиот месец.
4. Го покани новиот член на посета на соседните клубови за да ја научи процедурата и за да го види пријателството кое постои.
5. Го покани новиот член и неговиот/та сопатник/чка да го придружуваат со своето присуство во друштвените активности на клубот, вечерите или други посебни настани.

6. Ги поттикнува новиот член и неговиот/та сопатник/чка да присуствуваат на регионалните конференции заедно со него.
7. Оствари добро пријателство со новиот член за да може тој да прерасне во активен Ротаријанец.

Ако предлагачот ги следи сите овие упатства, тогаш Ротари станува посилен со секој нов член.

---

## Жените во Ротари

Се до 1989 година, Уставот и законите на Ротари Интернационал пропишуваа дека само мажи можат да членуваат во Ротари. Во 1978 год. Дуарте Ротари клубот од Калифорнија покани три жени да станат членови на овој клуб. РИ ја повлече дозволата за постоење на овој клуб затоа што го прекрши Уставот. Клубот, пак, го тужеше РИ по основа на прекршување на државниот закон за права на граѓаните што ги штити од било каква дискриминација во бизнисот или јавните постапки. Уставниот суд на Калифорнија, заедно со апелациониот суд го поддржаа ставот на клубот од Дуарте дека Ротари не може да ја одземе дозволата на било кој клуб само затоа што примиле жени за членови. Уставниот суд на САД го поддржа Уставниот суд на Калифорнија, тврдејќи дека Ротари клубовите имаат навистина деловна цел и се во одреден смисол јавни организации. Со ова во 1987 год. им се дозволи на жените да станат Ротаријанки со слични права.

Промената во Уставот на РИ, Законодавниот совет ја прифати во 1989 год, гласајќи за елиминирање на “само за мажи” во сите Ротари клубови.

---

## Светското седиште на РИ

Штабот на РИ беше отсекогаш во околината на Чикаго, Илиноис, САД. Отпрво, тој беше во самиот град Чикаго, се додека во 1954 год. во предградието Еванстон не се изгради една

многу убаво здание. Ова здание на Риџ Авенијата успеа да ги задоволи потребите на Секретаријатот на Ротари до 1980тите, пред да се вклучат нови програми, растежот на Ротари Фондацијата и новите ПолиоПлус активности кои ја преплавија зградата со луѓе, така што некои вработени мораа да се сместат во помошните канцеларии во близина.

Превземањето на една 18 катница во центарот на Еванстон, во 1987 год, се чинеше дека ќе ги задоволи сите потреби на Ротари за простор и проширување во наредните години. Конструкцијата од стакло и челик е напрвена во 1977 год. и дава простор од 400 000 квадратни стапки кој се употребува за канцеларии и ред други работи. Зградата ја купи Ротари Интернационал и ја издава на комерцијални потстанари се додека просторот не притреба за проширување на Ротари.

Зданието има амфитеатар со 190 седишта, голема гаража, кафетерија која може да опслужи 300 луѓе, како и функционален простор за канцеларии за 400те вработени во штабот. Извршниот дел за 18от кат има конференциски соби за состаноците на РИ бордот и комитетите, заедно со канцеларијата на претседателот на РИ, ве-де претседателот и генералниот секретар.

One Rotary Center, како што е нарекувано ова здание, ќе ја подобри ефикасноста во функционирањето на Ротари Интернационал во годините што следат.

---

## Уште едни почетоци на Ротари

- Ротари стана двојазичен во 1916 год. кога се основаше првиот клуб во земја каде англискиот јазик не е мајчин т.е. во Хавана, Куба.
- Ротари го формираше "Фондот за дарување" во 1917, Што всуШност претставуваШе предгласник на Фондацијата Ротари.
- Ротари го прифати своето ново име "Ротари Интернационал" во 1922 год. во согласност со "Меѓународната Асоцијација на Ротари клубовите".
- Ротари за прв пат го додели признанието Пол Харис Фелоус во 1957 год. наменето за сите кои донираат по $ 1 000 во Фондацијата Ротари.

- Клубот наречен Број 3 од Окланд, Калифорнија беше првиот Ротари клуб кој одржуваше неделни состаноци.
- Во 1931 год. беше направен првиот печат со амблемот на Ротари, за време на Виенската конвенција.
- Астронаутот и член на Ротари, Френк Борман, го понесе знамето на првиот Ротари клуб (од вселенскиот центар Хјустон) во обиколка на Месечината.
- Првата конвенција на Ротари Интернационал се одржа во Единбург, Шкотска, во 1921 год.
- Првиот претседател кој оддржа говор на една Ротари конвенција беше претседателот на САД Ворен Г. Хардинг во 1923 во Св. Луис.

## Соба бр. 711 - родното место на Ротари

Бројот 711 има посебно значење за Ротари. Собата 711 во старата Јунити зграда, која постоеше на улицата Норт Диарборн во центарот на Чикаго, Илиноис, САД, е родното место на Ротари Интернационал. Оваа соба со историско значење беше канцеларија на инженерот Гас Лор и местото каде Пол Харис за прв пат се состана со неколкумина пријатели за да ја разгледаат идејата за создавање на клуб на професионалци и бизнисмени.

Неколкумина Ротаријанци од Чикаго вложија многу труд за да ја зачуваат и реновираат собата како што беше во 1905 год. Многу години, со поддршка од Ротаријанците од целиот свет кои волонтерски се зачленуваа и годишно даваа придонеси во “Пол Харис 711” клубот, собата 711 беше изнајмувана, одржувана, зачувана и служеше како мал музеј на Ротари. Во 1989 год. здрадата Јунити требаше да ја срушат. Членовите на клубот 711 внимателно ја размонтираа собата и ја ставија во магацин. Деловите одлежаа во магацинот се до 1994 год. кога се најде постојан дом за собата, т.е. светското седиште на Ротари Интернационал во Еванстон.

## Месец на разбирањето во светот

Февруари е месец од особено значење за Ротари бидејќи тоа е месецот на разбирањето во светот. Февруари е всушност и годишнина на првиот состанок на Ротари кој беше одржан на 23. 02. 1905 год. Овој ден е ден на разбирањето во светот и ден на мирот.

Во подготовките за овој месец бордот на Ротари Интернационал им дава задача на сите Ротари клубови да направат програми за своите неделни состаноци, во кои ќе вметнат посебни активности за истакнување на фактот дека разбирањето и добрата волја се најважни за мирот во светот.

За да го одбележат овој посебен месец, многу клубови организираат говори на меѓународни оратори, на состаноците повикуваат студенти на размена и меѓународни научници од училиштата и универзитетите, прават програми во кои ги вклучуваат поранешните членови на тимовите за групно учење, а кои се на размена, отвараат трибини со интернационални теми, организираат разни видови на забава со меѓународна културна или уметничка тема и закажуваат други програми од меѓународно значење.

Многу клубови ја искористуваат оваа можност за да започнат со интернационални услуги или, пак, да воспостават контакт со Ротари клуб од некоја друга земја. Февруари е поволен месец за започнување на Rotary Fellowship Exchange (размена на Ротаријанци), што всушност е 3-Н проект или, поинаку кажано, поттикнување на поддршката на ПолиоПлус и други програми на фондацијата Ротари.

Февруари е месец кога на секој клуб му се дава можност да направи мала пауза, да ја испланира и промовира четвртата авенија на службата т.е. неуморната потрага на Ротари по добра волја, мир и разбирање помеѓу луѓето во светот.

## Наградата на Ротари за разбирањето во светот

Почнувајќи од 1981 год, наградата за разбирање во светот се доделува годишно, со еден исклучок, на поединец или организација чиј живот или работа го демонстрираат на било кој начин идеалот за служба на Ротари, особено на полето за промовирање на разбирање помеѓу народите, добрата волја и мирот. Наградата се доделува на конвенцијата на Ротари Интернационал. Изборот го прави светскиот комитет, а потоа го потврдуваат бордот на директори на Ротари Интернационал и управителите на Фондацијата Ротари.

Покрај прекрасната кристална скулптура, победникот добива и $ 100 000 за да ги употреби во добротворни цели, во согласност со мисијата на Фондацијата Ротари за мир помеѓу народите и разбирање која се спроведува преку хуманитарни и едукативни проекти. Личности кои ја имаат добиено оваа награда се: 1981 год. д-р. Нобуро Ивамура, јапонски професор по медицинско истражување; 1982 год. папата Џон Пол II; 1983 год. д-р. Лота Хичманова, канадска хуманитарка; 1984 год. Светската организација на движењето на скаутите; 1985 год. д-р. Алберт Б. Сабин, изумителот на оралната вакцина против детска парализа; 1986 год. меѓународниот комитет на Црвениот Крст; 1987 год. Леди Хермиона Ренфарли за Ranfurly Library Services во целиот свет; 1988 год. Армијата на спасот; во 1989 год. наградата не беше доделена; 1990 год. Вацлав Хавел, претседателот на Чехословачка; 1991 год. Хавиер Перез де Кулар, генерален секретар на Обединетите Нации; 1992 год. Едвард Ј. Пизек, бизнисмен и филантроп од САД; 1993 год. д-р. Фред Фолоус австралиски пионер доктор; 1994 год. поранешниот претседател на САД, Џими Картер; и во 1995 год. покојниот Џејмс Грант, поранешниот генерален директор на УНИЦЕФ.

## Правило на класификација

Всушност, членството во Ротари е базирано на основа на ”класификација”. Класификацијата во основа ги препознава разликите и бизнис и професионалните услуги кои еден Ротаријанец може да му ги понуди на општеството.

Класификацијата што Ротари ја прави е малку поспецифична и поконкретна. За да се одлучи во која група спаѓа еден Ротаријанец треба да се прегледаат најважните или признаени бизнис или професионални активности на фирмата, компанијата или институцијата со која е поврзан овој Ротаријанец, или, пак, активностите со кои ја истакнува својата цел, заедно со сите признаени бизнис или професионални активности.

Треба да биде јасно дека класификацијата се спроведува според активностите или службата во општеството, а не според позицијата на дадената личност. Со други зборови, ако дадена личност е претседател на банка, тој или таа не е класифициран/а како “претседател на банка”, туку под “банкарство”.

Најважните и признаени активности на една бизнис или професионална институција или личните најважни и признаени активности ја одредуваат класификацијата на едно лице. На пример, постојано вработениот електричар, човек од осигурителната компанија или, пак, бизнис менаџерот на некоја железничка компанија, рударска компанија, производствена задруга, болница, клиника, итн. ќе се земе в предвид како претставник на одредено поле на работа која тој/таа ја врши сам или како претставник на фирмата, компанијата или институцијата за која работи.

Правилото на класификација исто така дозволува поделба на бизнисот и индустријата на разни полиња, како производство, дистрибутерство, продавање на мало и послуга. Класификацијата може да се дефинира и како препознатлива и независна поделба на една голема корпорација или универзитет во рамките на клубот, како што е поделбата на производствен или термодинамички смер.

Правилото на класификација е еден важен концепт кој овозможува секој Ротари клуб да е унија на бизнисмените и професионалците во заедницата.

---

## Размена на знамињата на клубовите

Една одповеселите традиции на многу Ротари клубови е размената на мали знаменца, обични знамиња или триаголни знамиња. Ротаријанците кои патуваат во подалечни краеви обично со нив си земаат мали знаменца за размена под знак на пријателство на разните состаноци. Помалите клубови користат украсни знамиња на закачување за да го украсат просторот за состаноци или регионални збиднувања.

Бидејќи бордот на Ротари Интернационал увиде дека оваа размена се практикуваше се повеќе и повеќе, во 1959 год. им предложи на клубовите кои вршат размена внимателно да го создадат дизајнот, со што прецизно и убаво би се изразиле земјата и регионот на кои тој клуб припаѓа. Се препорачува во дизајнот на знамето да се вклучат слики, мота или разни дизајни кои би ја портретирале територијата на клубот.

Бордот исто така внимаваше и на финансиското оптоварување што еден ваков чекор би го донело, особено во оние региони каде има многу посетители кои сакаат да се разменат со знамињата. Во секој случај, клубовите треба да бидат дискретни и скромни во разменувањето за да не се создадат големи финансиски издатоци кои ќе ги попречат основните активности на клубот.

Размената на знамиња меѓу клубовите е навистина убава традиција, особено кога едно знаме е креативно и прикажува интересна приказна за гордоста на една заедница. Размената на знамиња е традиција од значење во Ротари и служи за пример на нашето интернационално дружење.

## Правила за отсуствување

Уставот на Ротари конкретизира три случаи кога може да се одземе членството на еден Ротаријанец заради отсуствување. Овие случаи се: ако не се присуствува на 4 состаноци на клубот едно по друго, ако не се присуствува на 60% од состаноците во текот на секои шест месеци и ако не се присуствува на барем 30% од состаноците во клубот во секој период од шест месеци. Во секој од овие случаи се одзема членството, освен ако бордот на директори на клубот претходно не одлучи да се оправдаат изостаноците од добра и задоволителна причина.

За некои, овие правила може изгледаат невообичаено строги. Но, при зачленувањето, секој член ја прифаќа оваа обврска, која е една од најважните, дека ќе присуствува на состаноците. Уставните закони само го нагласуваат фактот дека Ротари е организација на членство каде редовната посетеност е многу важна. Кога некој член е отсутен, целиот клуб ја губи врската со него. Присуството на состаноците претставува витален дел од функционирањето и успешноста на секој Ротари клуб.

Отсуствувањето на 4 состаноци едно по друго, или непочитувањето на другите правила за посетеност треба да биде еднакво на оставка од клубот за секој Ротаријанец. Кога некој клуб ќе отстрани свој член заради отсуствување, тоа е само прифаќање на оставка, а не казнување. На сите Ротаријанци им се јасни последиците од отсуствувањето, па затоа како последица од непочитувањето на правилата за посетеност веќе следи самосвесно повлекување од клубот.

## Да се дели Ротари со новите членови

Дали сте свесни дека постои една одредена одговорност или задолжение што повеќето Ротаријанци не успеваат да го исполнат? Не плаќање на долгови? Отсуствување од состаноци? Не давање придонес кон фондот на клубот? Не замање учество во проектите и збиднувањата во клубот? Не - ниедно од овие!

Од сите одговорности кои секој ги прифаќа кога ќе се зачлени во Ротари најголемиот дел од Ротаријанците не успеваат во “делењето на Ротари”. Правилата на Ротари Интернационал јасно укажуваат на тоа дека секој Ротаријанец “треба да го дели Ротари со другите и да придонесува за неговото ширење со тоа што ќе предложи лица достојни за членство во Ротари”. Пресметано е дека помалку од 30% од членовите на сите Ротари клубови било кога предложиле нов член. Така, во секој клуб постојат многу Ротаријанци кои уживаат во Ротаријанството, а не ја делат таа привилегија со било кое друго лице погодно за членство во Ротари.

Правилото за членство во клубот вели: “За да може еден Ротари клуб да биде од големо значење за заедницата и за да биде во состојба да одговори на нејзините потреби, многу е важно и неопходно сите во таа територија кои се погодни за членство да бидат негови членови”. Потребен е само еден поглед на станиците од било кој локален телефонски именик за да се сфати дека повеќето клубови ги немаат покането погодните членови од *сите* бизниси и професии во Ротари.

Само Ротаријанец може да предложи купувач, сосед, клиент, снабдувач, извршител, роднина, деловен соработник, професионалец или друго погодно лице за членство во клубот. Дали Вие ја имате прифатено обврската за делење на Ротари? Процедурите се навистина едноставни и сигурно секој од Вас знае барем едно лице кое би требало да е член на Ротари.

## Толеранција на разликите

Од време на време постои предизвик да се критикуваат законите, навиките и традициите на некоја земја кои се поинакви, чудни или спротивни на нашите. Во некои случаи легалните постапки и традиции на една земја се нелегални и неприфатливи во друга.

Како членови на една меѓународна организација која е посветена на мирот и разбирањето во светот, ние Ротаријанците сметаме дека ни е должност да го спречиме осудувањето на секој наш другар или сограѓанин Ротаријанец од било која земја само затоа што се однесува поинаку. Правило од овој тип во врска со

дилемите во меѓународните односи во Ротари постои веќе повеќе од половина век.

Прифатено во 1933 год, правилото вели дека некои легални локални обичаи и активности во една земја можат да бидат илегални во друга и затоа Ротаријанците треба да се предводат според следниов повик за толеранција:

“Ротаријанците во сите држави треба да ги увидат сите овие факти и совесно да одбегнуваат критикување на законите и традицијата на државите кои се поинакви од родната.” Правилото исто така предупредува дека “Ротаријанците од една држава не треба да се вмешуваат во законот или традицијата на друга држава”

Овие правила служат како добар совет и водич во нашиот стремеж кон зајакнување на пријателството, добрата волја и разбирањето.

---

## Необични make-up собири

Кои Ротаријанци треба да патуваат најдалеку за некој make-up собир? Во право сте ако помисливте на Ротари клубот од Папете, Тахити, кој се наоѓа во средината на Тихиот Океан. Клубот е воедно и најоддалечен од било кој друг Ротари клуб. Најјужниот собир на Ротари е во клубот во Пунта Аренас, Чиле, на врвот на Јужна Америка. За да го посетите најсеверниот клуб треба да патувате преку Арктикот до клубот во Нордкап, Норвешка.  Ако сте член на Ел Агилар клубот во Аргентина, тогаш членувате во клубот кој што се наоѓа највисоко, на 4 880 м. (16 000 стапки) надморска височина. “Најнискиот” клуб на Ротари се наоѓа на 40 м. височина под нивото на морето, во Ел Центро, Калифорнија, САД.

Секој ден од годината, секој час, некаде во светот се оддржува некој Ротари состанок. Ако секој ден присуствувате на по еден состанок, ќе Ви требаат 75 години за да ги посетите сите Ротари клубови во светот, а кои ги има повеќе од 27 000. Сепак, до тогаш веќе сигурно ќе се оформат уште неколу илјади кои ќе треба допрва да ги посетите.

## Стручни услуги

Стручните услуги ја претставуваат втората авенија на службата. Ниеден аспект на Ротари не е толку поврзан со Ротаријанецот од личната обврска да се претстави сопствената професија или струка на другите Ротаријанци и да се прикажат високите етнички стандарди и достоинстовото во работата. Проектите на втората авенија се со цел да се подобрат деловните односи заедно со квалитетот на трговијата, индустријата, комерцијалата и сите професии воопшто. Секој Ротаријанец е свесен дека придонесува кон пообрувањето на општеството со своите секојдневни професионални обврски.

Втората авенија на младите луѓе им овозможува информации за разни професии, помош во избирање на професија и при градењето на истата. Некои клубови спонзорираат и конференции во средните училишта на тема кариера. Со оддавање почит кон вработените лица во заедницата кои во својата професија служат за пример, многумина го увидуваат достоинството на тоа што значи да се биде вработен. 4-way тестот и други етнички и реномирани бизнис филозофии често се презентираат на младите луѓе кои што навлегуваат во светот на бизнисот. Повеќето клубови исто така обезбедуваат и разговори на тема професии.

Без разлика на начинот на кој е искажана втората авенија, тоа е начинот на кој Ротаријанците го “согледуваат значењето на сите професии” и го демонстрираат својот коментар за “високите етнички стандарди во сите професии и бизниси”. Затоа втората авенија на службата е основата на секој Ротари клуб.

## Ротаријанки

Во многу Ротари клубови во светот сопругите на мажите Ротаријанци нагалено се нарекуваат “Ротаријанки” (Rotary Anns). Името не е произлезено од желба за омаловажување, туку напротив, од една интересна историска случка.

Во 1914 год. Ротаријанците од Сан Франциско се качуваа на воз за Ротари конвенцијата во Хјустон. Тогаш малкумина сопруги присуствуваа на конвенциите и се до пристигнувањето на возот во Лос Ангелес, единствената жена во него беше сопругата на Ротаријанецот Бру Бруниер. Кога во возот се качија и други Ротаријанци кои одеја на конвенцијата, Госпоѓата Ан Бруниер (Ann Brunier), сите ја запознаа како Ротари Ан, што подоцна прерасна во Ротаријанка. Бидејќи следната година клубовите од Западот предложија и воедно ги поканија Ротаријанците на следната конвенција во Сан Франциско, се подготвуваа многу песни и скечеви кои требаше да се изведуваат во Хјустон. Еден од Ротаријанците напиша певлива стихотворба насловена како "Ротаријанка" ("Rotary Ann"). По пристигнувањето на возот во Хјустон, Ротаријанците од западниот брег ги пречека делегација. Еден од членовите на делегацијата беше и Гај Гандакер, чија што сопруга исто така се викаше Ан. Во целиот тој пречек, некој почна да ја пее "Ротаријанка". Мажите ги кренаа Ан Бруниер и Ан Гандакер на раменици и со нив парадираа по салата. На целата група навистина им се допадна "новопечената" титула на двете жени. Од тогаш сите сопруги кои присуствуват на состаноците на галено се нарекуваат Ротаријанки.

Гај Гандакер беше избран за претседател на Ротари Интернационал во 1923 год, а Бру Бруниер во 1952 год, што значи дека и двете "оригинални" Ротаријанки беа први дами на Ротари Интернационал.

---

## Лекции по Ротари географија

- Знаете ли дека Ротари клубот во Рено, Невада се наоѓа позападно од Ротари клубот во Лос Ангелес, Калифорнија?
- Би помислиле ли дека состаноците на Ротари клубот во Портланд, Меин се одржуваат појужно отколку оние на клубовите во Лондон?
- Можете ли да си замислите дека Ротари клубот во Пенсакола, Флорида се наоѓа западно од клубот во Детроит, Мичиген?

- ♦ Факт е дека Ротари клубот во Каиро, Илиноис се наоѓа на југ од Ричмонд, Вирџинија.
- ♦ Потојат 69 Ротари клубови чии имиња го содржат зборот “Tokyo”.
- ♦ Ротари клубот во Номе, Аљаска се наоѓа на запад од Хонолулу, Хаваи, а клубот во Сантјаго, Чиле, на исток од Ротари клубот во Филаделфија, Пенсилванија.
- ♦ Географичарите на Ротари знаат дека секој состанок на Ротари клубовите во Австралија се одржува источно од Хонг Конг Ротари клубот.
- ♦ Што им е заедничко на Ротари клубовите од Квито, Еквадор, Либервил, Габон, Сингапур, Кампала и Уганда? Погодивте ако одговорот Ви гласеше дека нивните состаноци се одржуваат околу екваторот.
- ♦ Постојат многу интересни работи што може да се научат при запознавањето со сите 27 000 Ротари клубови во целиот свет.

---

## Молитви на состаноците

Во многу Ротари клубови, особено во еврејските и христијански земји, состаноците започнуваат со молитва. Молитвите обично се кажуваат без посочување на било која вероисповест.

Правилата на Ротари земаат в предвид дека Ротаријанците во светот се со разни религиозни верувања или идеи. Верата на секој член се почитува во целост и не постои ништо во Ротари што тоа би го попречило или го попречува.

На меѓународните собири или конвенции традицијата наложува нема молитва. Со почит кон сите религии и во знак на толеранција кон сите вери, сите на свој начин бараат божја помош и мир. Навистина е инспиративно да се биде дел од меѓународната нема молитва или актот на лична побожност заедно со илјадници други Ротаријанци. Исто така, обично и сите состаноци на бордот на Ротари и на комитетот започнуваат со неколку мига немо медитирање. Во овој период на молк, Ротари ја искажува почитта кон верата на секој член на клубот.

Бидејки секој Ротари клуб е автономен, практиката на започнување на секој состанок на клубот со молитва се остава да се спроведе според традицијата и обичаите на клубот, но во согласност и почит кон религиозните уверувања и вери на сите членови.

---

## Официјалниот именик

Како може да се дознае кога се состанува клубот во Товомба, Пондичери или Реклингхаузен? Едноставно побарајте во *Официјалниот именик* на Ротари Интернационал. Именикот има околу 750 страници, се издава годишно и е преполн со актуелни информации за Ротаријанците и Ротари клубовите. Во именикот може да се најде датата, времето и локацијата на состанокот за секој од 27 000те клубови во светов. *Официјалниот именик* содржи информации за имињата и адресите на сите претседатели и секретари на секој клуб, од клубот во Абенра, Данска, до Зволе, Холандија, како и бројот на членовите и повелбата на секој клуб.

Именикот е исто така богат и со информации за секоја 500те Ротари региони, како и составот и целта на сите официјални Ротари комитети. Ги има и имињата и адресите на актуелните членови на бордот на директори на Ротари Интернационал, како и на сите претходни бордови. Дел од содржината е и списокот на сите минати претседатели на Ротари Интернационал со потсетник на нивните теми. Како додаток, именикот содржи и одличен избор на хотели во светот. *Официјалниот именик* може да се добие за $9 во штабот на Ротари Интернационал во Еванстон, Илиноис. Именикот е навистина добар водич за контактирање со Ротари при многубројните патувања.

Пате, Товомба се состануваат секој понеделник во 18:00, Пондичери во среда во 19:45, а Реклингхаузен во понеделник во 13:00. Корисно е да се знаат вакви информации!

## Можности за здружување

Многу Ротаријанци се успешни професионалци и бизнисмени бидејќи ги искористуваат многубројните можности кои им се укажуваат. Секоја недела, на секој Ротари состанок, се дава можност за здружување, но не секој Ротаријанец ја согледува таа можност.

Неделниот состанок е посебна привилегија на членството на Ротари. Тоа е можност за состанување со другите членови, средба и запознавање со нови посетители и едноставно дружење со сите членови.

Ротари клубовите кои се на глас како "дружељубиви клубови" обично следат неколку едноставни чекори:

- Прво, членовите на клубот се мотивираат да седат на различно место на секој состанок.
- Второ, на сите им се нагласува дека треба да седнат до членови кои не ги знаат многу добро.
- Трето, старите членови ги поканувaат новите да им се придружат со тоа што само ќе речат: "Придружете ни се, има слободно место кај нас на масава."
- Четврто, сите членови на масата разговараат меѓу себе, и не јадат во тишина, зборувајќи тивко само со оној до нив.
- Петто, секој се труди да се запознае со секого со тоа што гледа дали има некој со кој не се запознал.

Ако се следат овие пет едноставни чекори, секоја недела ќе се појави нова можност за здружување. Набргу потоа Ротаријанците ќе сфатат дека топлото и лично пријателство е основата на секој добар Ротари клуб.

## Пеењето во клубовите

Хери Раглс е петтиот човек кој му се придружи на Пол Харис во разговорите што доведоа до оформувањето на првиот

Ротари клуб во Чикаго во 1905 год. Хери беше еден од другарите на Пол кој уживање во пеењето. Пеењето беше воедно и многу популарно на преминот во XXI век. На еден од првите состаноци на штотуку оформената група, Хари се качи на стол и ги повика сите да му се придружат со една песна.

Групното пеење наскоро стана традиционален елемент од секој Ротари состанок. Оваа навика се прошири во многу клубови во САД, а е доста популарна заедничка активност и на состаноците на Ротари клубовите во многу други земји, како Австралија, Јапонија, Нигерија, Нов Зеланд и Канада. Во некои клубови се пее химната пред официјалното започнување на состаноците. Ваквото пеење сепак, ретко се сретнува во Ротари клубовите во Европа, Јужна Америка и Азија.

---

## Активно сениорско членство

Активното сениорско членство (senior active) е членство резервирано само за членовите кои веќе долго време служат во Ротари. Ваквото членство се смета за посебна заслуга и значи дека тој член бил дел од активностите на клубот веќе подолго време.

Ротаријанецот станува активен сениор веднаш штом наврши 15 години служба во еден или повеќе Ротари клубови. Активното сениорство се доделува и на секој 60 годишник кој служел 10 или повеќе години, или, пак, на секој 65 годишник со пет или повеќе години служба. Секој Ротаријанец кој има позиција на регионален гувернер е исто така подобен за активно сениорско членство.

Една од предностите на активнното сениорство е дека во случај активен сениор да се пресели во друг град, тој може да биде поканет да се придружи на било кој Ротари клуб, без претходно да мине низ класификација на кандидатите. Кога еден Ротаријанец ќе се здобие со активно сениорство, неговата класификација се ослободува за да може на неговото место да дојде нов член во Ротари.

Важно е да се запомни дека активното сениорство **не** е класификација, туку еден вид на членство. Активниот сениор

секогаш се идентификува како “бивша класификација”, што всушност значи бизнис или професија.

---

## Почесно членство

*Почесното членство* е едно од четирите видови на членство кои постојат во Ротари. Ова е највисокиот вид на членство со кое може да се здобие еден Ротаријанец и тоа само во одредени случаи кога личноста се наградува за необична служба или донеси кон Ротари и општеството. Почесниот член има мандат од само една година, а понатамошното членство мора да го обновува секоја година.

Почесните членови не можат да предлагаат нови членови во клубот, немаат канцеларии и се ослободени од правилата за присуство и разните клупски такси.

Многу реномирани претседатели, истражувачи, автори, музичари, астронаути и други јавни личности биле почесни членови на многу Ротари клубови, на пример: Кралот Густав од шведска, Кралот Џорџ VI од Англија, Кралот Бадуин од Белгија, Кралот Хасан III од Мароко, Сер Винстон Черчил, хуманитарецот Алберт Швајцер, Чарлс Линдберг, композиторот Жил Сибелиус, истражувачот Сер Едмунд Хилари, Тор Хејердол, Томас Едисон, Валт Дизни, Боб Хоуп, д-р. Алберт Сабин, британскиот премиер Маргарет Тачер и многу од претседателите на САД. Тие што беа избрани за почесно членство навистина дадоа големи придонеси за проширување на идеалите на Ротари.

---

## Членство во Ротари Интернационал

Ако запрашате некој Ротаријанец дали членува во Ротари Интернационал, тој или таа најверојатно збунето ќе ве погледне и ќе ви одговори: “Сигурно дека сум член на Ротари Интернационал”. Но, во овој случај овие Ротаријанци фактички не се во право. Ниеден Ротаријанец не може да биде член на Ротари Интернационал!

Објаснението на оваа едноставна контрадикторност е едноставно. Уставот на Ротари Интернационал вели дека членството во Ротари Интернационал е лимитирано само на Ротари клубовите. Преку 27 000 Ротари клубови припаѓаат на организацијата која ја нарекуваме Ротари Интернационал.

Ротари клубот се состои од лица со подобни квалификации на добар карактер и репутација, бизнис или професионална класификација, кои се организирани во извршен или менаџерски капацитет. Ротаријанецот припаѓа на клубот, а клубот му припаѓа на Ротари Интернационал. Оваа разлика не е логична и не им е позната на повеќето Ротаријанци, но многу ретко создава проблеми или компликации. Но, сепак, го објаснува фактот зошто бордот на директори на Ротари Интернационал дава обврски и привилегии на Ротари клубовите, а не на посебни личности кои членуваат во Ротари.

Ако некој ве запраша дали сте член на Ротари Интернационал, тогаш најсоодветниот одговор би бил: "Не, јас припаѓам на еден Ротари клуб". Сепак, се сомневам дека било кој ќе ве разбере или, пак, ќе му биде тоа важно.

---

## Регионален гувернер

Регионалниот гувернер на Ротари врши многу важна функција во светот на Ротари. Тој или таа е единственото извршно лице на Ротари Интернационал во целата географска област наречена Ротари регион, а кој обично се состои од околу 45 Ротари клубови. Регионалните гувернери, кои ја поминале напорната обука во светското меѓународно Собрание, го контролираат квалитетот на сите 27 000 Ротари клубови во светот. Нивна должност е да го зачуваат високото ниво на извршност на клубовите од нивниот регион.

Регионалниот гувернер, кој мора да отиде во официјална посета до секој клуб во својот регион, не се смета за "генерален инспектор". Неговите т.е. нејзините посети на клубовите се како советник-пријател и од помош на претседателите на клубовите, како корисен советник кој ќе потпомогне во проширувањето на целта на Ротари помеѓу клубовите во регионот и како катализатор во зајакнувањето на програмите на Ротари.

Регионалниот гувернер е искусен Ротаријанец кој несебично посветил една година на волонтерското лидерство. Гувернерот има големо познавање актуелните програми на Ротари, намени, закони и цели. Тој или таа е високо признаена личност во својата професија, заедница или Ротари клуб. Гувернерот мора да ја надгледува организацијата на новите клубови и да ги зајакнува тие што веќе постојат. Задача на гувернерот е да се погрижи квалитетот на Ротари во регионот да не потфрли и да ги промовира и примени сите програми и активности на претседателот и бордот на директори на Ротари Интернационал. Исто така, регионалниот гувернер ги организира, спроведува и води регионалните конференции и другите важни настани.

Секој регионален гувернер има многу важна улога во операциите на Ротари во целиот свет. Оваа личност е пример за служење од љубов, за слузба над се.

---

## Меѓународното Собрание

Меѓународното Собрание се оддржува секоја година во февруари или март за да се подготват сите кандидати за регионални гувернери од целиот свет за новата позиција што ќе треба да ја заземат на 1ви јули. Заедно со сопружниците, кандидатите им се придружуваат на домакините, кои се искусни лидери Ротаријанци. Заедно, тие минуваат низ обуката и мотивирачките сесии кои траат повеќе од една недела. На Собранието кандидатите се запознаваат и со Ротаријанецот кој ќе им биде Ротари Интернационал претседател за време на нивниот мандат, а исто така и со темата на РИ за следната година на која ќе треба да ги основаат регионалните конференции.

Првото меѓународно Собрание се одржа во Чикаго, Илиноис, САД, во 1919 год. Подоцна собранијата се одржуваа во Лејк Плацид, Њу Јорк, Бока Ратон, Флорида и Нешвил, Тенеси. Во последните години Собранието се одржуваше во Анахајм, Калифорнија. Но, без разлика каде се одржува Собранието, пораката која виси над салата за состаноци никогаш не се промени и гласи: “Влези за да научиш - Излези за да служиш“.

## Регионалното Собрание

Со оглед на годишната размена на лидерството на Ротари, потребен е голем напор за да се дадат подобни инструкции за функционирањето на лидерите на сите 27 000 клубови во светот. Годишното регионално собрание е главниот настан за обука во секој регион на Ротари во светот.

Регионалното собрание овозможува мотивација, инспирација, информации за Ротари и нови идеи за претседателите на клубовите, директорите и претседателите на комитетите во секој клуб. Некои од најискусните регионални лидери водат информативни дискусии за фазите на администрацијата на Ротари и проектите во службата. Собранието им дава на сите учесници идеи како да ги направат своите клубови поефикасни и поинтересни. Обично од осум до десет делегати од секој клуб се поканувaат да земат учество во сесиите на обуката.

Друга важна особина на регионалното собрание е прегледот на темата за програми од страна на регионалниот гувернер кој ќе стапи во функција и акцентирање на новиот претседател на Ротари Интернационал за следната година. Исто така, се објаснуваат регионалните цели и се развиваат планови кои подоцна треба да се извршат.

Учеството и бројот на делегатите на еден Ротари клуб укажува на тоа колку тој клуб е успешен.

## Регионалната конференција

Повеќето Ротаријанци никогаш не посетиле регионална конференција на Ротари. Со тоа тие не почуствувале едно од најпријатните нешта од членувањето во Ротари.

Сите членови на клубовите со нивните сопатници можат да присуствуваат на овие конференции. Регионалните конференции не се само за претседателите на клубовите и членовите на комитетите. Целта на регионалната конференција е

пријателството, добрата забава, инспиративните оратори и дискусиите на одредени теми кои го продлабочуваат значењето на членувањето во Ротари за секој Ротаријанец. Секој кој учествувал на една регионална конференција се збогатил со нови искуства, увидувања и пријателства. Сите тие Ротаријанци не ја испуштаат можноста да присуствуваат на следната конференција, па на таа после неа, на таа после неа, итн.

Секој од 500те региони на Ротари одржува конференција секоја година. Состаноците се сметаат за толку важни што претседателот на Ротари Интернационал избира искусен Ротаријанец за свој личен претставник за да се обрати на секоја конференција. Програмата на секоја конференција задолжително вклучува извондредни забавни активности, интересни дискусии и инспиративни програми.

Нешто што не се очекува на овие конференции е можноста за неофицијално состанување со пријателите од клубот и подобро меѓусебно запознавање. На овие конференции се склучуваат долгорочни пријателства.

---

## Обука на кандидатите за претседател

Законите на Ротари Интернационал наложуваат кандидатите за гувернер од секој регион во соработка со актуелниот гувернер, во првите месеци од годината да закажат и извршат семинар за обука на сите претседателски кандидати од клубовите во тој даден регион. Семинарот вообичаено трае два-три дена. Се нарекува ПЕТС заради акронимот на целосното име кое гласи Presidents-elect Training Seminar (Семинар за обука на претседателски кандидати). Целта на семинарот е да се подготват идните претседатели на клубовите за позицијата која ќе ја заземат на 1ви јули. Воедно, семинарот ги обучува овие луѓе на лидерство и мотивирање. Меѓу темите кои се обработуваат на ваквите семинари се и имплементацијата на темата на Ротари Интернационал за следната година, како и информации за новите и веќе постоечките програми на РИ. Време се одвојува и за преглед на активностите во реигонот, планирање на програми на ниво на клубот и регионот и организација на други активности за следната година. Како да се изготви буџетот, како да се постави

цел, планирање на времето и нови идеи за состаноците на клубот се само некои од корисните работи кои претседателските кандидати ги учат на регионалните ПЕТС. Во некои делови од светот ПЕТС се организираат како мултирегионални настани.

## Размена на млади

Една од најпопуларните програми на Ротари која служи за промовирање на меѓународното разбирање и развивање на пријателства за цел живот е програмата за размена на млади. Се започна во 1927 год. со Ротари клубот во Ница, Франција. Во 1939 год. се организираше една огромна размена на млади помеѓу Калифорнија и Латинска Америка. Од тогаш програмата на размена се рашири низ целиот свет. Во минативе години повеќе од 7 000 младинци годишно учествуваа во ваквите програми за размена спонзорирани од Ротари.

Со вредностите од ваквите програми не се здобиваат само средношколците кои одат на размена, туку и фамилиите домакини, клубовите кои спонзорираат, средните училишта кои ги примаат младите и целите заедници. Младите кои одат на размена, на соучениците од новото училиште можат да им овозможат пристап до традициите од својата земја, јазикот, обичаите и фамилијарниот живот.

Размената на младите им овозможува интересни можности и богати искуства од другите страни на светот. Тие обично остануваат цела учебна година, иако некои клубови и региони спонзорираат размени на период од неколку недели или месеци.

Околу 36% од младите во Ротари се испраќаат во САД и Канада. Европските земји се домаќини на околу 40% од младите, а Австралија и Нов Зеланд на 12%. Азиските клубови спонзорираат 5% и Латино замјите во Америка 7%. Преку 70% од сите региони на Ротари учествуваат во активностите на размена на младите.

Размената е програм кој највеќе се препорачува на сите Ротари клубови како активност преку која се подобрува меѓународното разбирање и добра волја.

## Лични привилегии нема

Многу често пријателите прашуваат дали Ротаријанците се деловно привилегирани поради членството во Ротари. Дали Ротаријанците треба да очекуваат попуст или било каква услуга само затоа што соработуваат со некој друг Ротаријанец?

Одговорот е очигледно “не”. *Прирачникот за процедури* на Ротари јасно го искажува ставот на оваа организација кон ова прашање. Правилото кое датира од 1933 год, кое тогашниот борд на директори на Ротари Интернационал го усвои, вели дека во сите бизнис или професионални односи ”Ротаријанецот не треба да очекува или пак да побара поголема попустливост или привилегии од друг Ротаријанец отколку тој вториот би овозможил на било кој негов соработник”. Пред преку 50 години концептот гласеше дека “вистинските пријатели не бараат ништо еден од друг, а секоја злоупотреба на довербата на пријателот е нешто непознато за Ротари”.

Од друга страна, пак, нов или поразвиен бизнис кој што е плод на пријатество склучено во Ротари, не е закана за Ротаријанската етика. Ова секако е под услов овој процес да е еднаков на истиот процес надвор од Ротари.

Важно е да се запомни дека основната цел на членството во Ротари е да се даде можност на секој Ротаријанец да ги услужи другите, а не да оствари личен профит или да исползува одредени привилегии.

## “Секој Ротаријанец е пример за младината”

Мотото “Секој Ротаријанец е пример за младината” може да се најде во поголемиот дел од официјалната литература на Ротари Интернационал која што е во врска со помагањето на младите луѓе. Ротари Интернационал го прифати мотото во 1949 год. како обврска кон децата и младината во секоја заедница каде постои Ротари клуб. Служењето на младите луѓе е долго време многу важен елемент од Ротари.

Проектите за младината можат да се најдат во најразлични форми во целиот свет. Ротаријанците ги спонзорираат машките и женските извиднички групи, атлетските тимови, центрите за хендикепирани деца, патролите за безбедност во училиштата, летните кампови, рекреативните центри, програмите за безбедно возење, панаѓурите во разни области, градинките и детските болници. Многу клубови овозможуваат советувања во врска со многу професии, нудат програми за вработување на младите и ја промовираат употребата на 4-Way тестот. Ротари исто така се повеќе и повеќе ги спонзорира и проектите за превентива од употреба на дрога и алкохол.

Во секој случај, Ротаријанците имаат можност да бидат пример на младите момчиња и девојки во нивната заедница. Човек учи да служи гледајќи ги другите. Како што младината расте и станува возрасен лидер, се надеваме дека во неа ќе го има духот за да се потпомагаат идните генерации на деца и младинци.

Мотото нема изгубено ни малку од виталноста што ја имаше пред 40 години, кога беше прифатено. “Секој Ротаријанец е пример за младината” е навистина многу голем предизвик.

---

## Служење на светската заедница (World Community Service)

Служењето на светската заедница е програм на Ротари преку кој секој клуб или регион од една земја дава хуманитарна помош на клуб од некоја друга земја. Помошта вообичаено оди во заедници што се во развој и каде овој проект на Ротари ќе помогне во подигнувањето на животниот стандард и квалитетот на живеење. Крајната цел на програмот е изградбата на добра волја и разбирање помеѓу народите во светот.

Најдобар начин да се најде клуб во било кој дел од светот на кој што му треба помош е базата WCS Projects Exchange (берза на проекти за служење на светската заедница). WCS Projects Exchange претставува список на препорачливи активности за една одредена заедница. Спосокот се дополнува и оддржува во Еванстон, во Секретаријатот на Ротари Интернационал и е достапен на барање. Во него се издвоени проекти, пресметани трошоци и имиња на луѓе кои треба да се контактираат.

Клубовите кои бараат помош или, пак, некој друг клуб за да им се придружи во хуманитарниот проект, како на пример изградба на клиника, училиште, болница, бунар, библиотека или некоја друга корисна активност, можат да ги регистрираат своите потреби. Клубовите кои, пак, бараат проект од овој вид може едноставно да ги разгледаат предмалку споменатите списоци на регистрирани потреби. На овој начин берзата на проекти на многу едноставен начин ги потребува потребите со помошта.

Секој Ротари клуб се охрабрува да превземе по еден нов проект годишно. Списокот од берзата е одличен начин за да се најде вистинската потреба, опис на некој проект и клуб за соработка во реоните кои се во развој. Единственото што понатаму преостанува е да се "засукаат ракавите" и да се заврши проектот, а во исто време да се создадат пријателства и разбирање во светот.

---

## Женски друштва во врска со Ротари

Некои многу важни програми на Ротари не се водени од Ротаријанци. Ова е така заради многуте проекти спонзорирани од сопругите на Ротаријанците и другите жени роднини кои се поврзани со клубовите на Ротари во целиот свет. Женските друштва, кои се најчесто нарекувани Жените на Ротари, Ротари Ан, Лас Дамас де Ротари, Сопругите на Ротари или најдобро структурираната организација од сите т.е. Внатрешното тркало, годишно извршуваат стотици проекти од големо хуманитарно значење во нивните заедници. Женските групи се основоположници на училишта, курсеви за нега на бебиња, центри за дистрибуција на храна и облека, здраствени установи, сиротопиталишта, пензионерски домови и се извршители на многу други активности. Често, овие друштва волонтираат од ден на ден во градинките и даваат неопходни информации за младите кои одат на размена. Најчесто женските групи всушност ги дополнуваат и надополнуваат програмите кои ги спроведуваат локалните Ротари клубови. Многу групи, покрај локалните проекти, активно спроведуваат и меѓународни проекти.

Бордот на директори на Ротари Интернационал во 1984 год. им оддадоа признание на сите жени роднини на Ротаријанците за

одличната работа и дружење помеѓу клубовите, а воедно и ги охрабрија сите Ротари клубови да ги спонзорираат ваквите неофицијални организации.

-----------------------------------------------------------------------

## Програмата за функционално описменување

Пресметано е дека милијарда луѓе, т.е. една четвртина од луѓето во светот, не знаат да читаат. Неписменоста кај возрасните и децата е глобален проблем и во високо развиените нации и во земјите во развој. Бројот на неписмените возрасни луѓе во светот се зголемува за 25 милиони секоја година! Една четвртина од населението во САД се смета за функционално неписмено.

Трагедијата е во тоа што тие што не знаат да читаат ја губат личната независност и стануваат жртви на манипулација, беда и бесчуствителност. Неписменоста е понижувачка, најголемата пречка во економскиот, политичкиот, социјалниот и личниот развиток. Таа е најголемата бариера во разбирањето помеѓу народите, соработка и мирот во светот.

Првиот и најоригинален Комитет за здравје, глад и хуманост при Ротари во 1978 год. му даде најголем приоритет на описменувањето. Еден од првите 3-Н грантови ја овозможи подготовката на книгата која беше одличен извор на информации на тема писменоста во светот. Публикацијата, со наслов “Право на читање” (The Right to Read) беше спонзорирана од Ротари, а ја издаде Ротаријанецот Ив Малмквист, бивш регионален гувернер и признаена личност во истражувањето на тема на едукација и читање од Линкопинг, Шведска. Книгата беше предвесник на големиот програм на Ротари за промовирање на писменоста.

Во 1985 год. бордот на Ротари Интернационал означи 10 годишен период на акцентирање на описменувањето. Во 1922 год. бордот го продолжи овој период до 2000 година. Многу Ротари клубови внимателно ги следат потребите за описменување во своите заедници. Некои клубови нудат основни буквари кои можат да им помогнат на луѓето да научат да читаат. Други клубови, пак, оформуваат или помагаат разни курсеви за читање и јазик, доброволно даваат часови и купуваат материјали за читање. Ротаријанците можат да бидат од витално значење за својата заедница, а во земјите во развој, со тоа што ќе

промовираат разни проекти за описменување, на луѓето ќе им отворат многу можности со самиот тој чин што ќе ги описменат.

---

## Грижа за постарите

Тема на која во моментов се обрнува посебно внимание во клубовите е давање “нови можности на постарите”. Во 1990 год, бордот на директори при Ротари Интернационал ги повика сите Ротаријанци да создадат нови проекти кои би им служеле на постарите, кои би вклучувале активности што подразбираат заедничка работа на повеќе генерации и кои би помогнале во интеграцијата на постарите во општеството и канцелариите. Следната година бордот повика на пристап кој значеше соработување со постарите, а не служење т.е помош на постарите.

Со значителниот пораст на процентот на постари лица во светот порасна и неколку пати се зголемија нивните потреби од посебна нега. Како што стареат, луѓето имаат се поголема и поголема желба за лична независност и контрола над својот живот додека тоа е можно.

Многу Ротари клубови бараат начини да се помогне на постарите луѓе во нивните заедници кои имаат проблеми со влошување на здравствената состојба, осаменост, слаба исхрана, проблеми со превоз, неспособност за извршување на секојдневните обврски, губење на семејството, заретчени рекреативни активности, неадекватно живеалиште и недоволни информации за социјални агенции кои итно доаѓаат на помош. Некои клубови организираат советувања со што им помагаат на постарите да направат подобри планови за во пензија, а со тоа што им овозможуваат пристап до мноштво информации кои можат да се најдат во рамките на клубот, тие исто така им помагаат и да се прилагодат на новонастанатата ситуација т.е. пензионирањето. Други клубови, пак, создаваат програми за посвојување на постари луге и други активности што вклучуваат повеќе генерации и кои им даваат можност на овие луѓе да го искористат своето знаење и искуство за да им помогнат на младите. Ротаријанците често помагаат и со извршување на оние работи кои постарите не се веќе способни самите да ги сторат.

На старите најчесто највеќе им е потребно чуството дека имаат пријатели кои навистина се грижат за нив. Сите Ротаријанци треба сериозно да размислат како можат тие самите и заедно со своите клубови да земат учество во програмите наменети на постарите. Ова е еден дел од полето на услугите каде сите ние еден ден може да се најдеме.

---

## Интернационални конвенции

Секој мај или јуни, Ротари Интернационал одржува светска конвенција за да ги "стимулира, инспирира и информира сите Ротаријанци на интернационално ниво". Конвенцијата, која не може да се одржува во една иста земја повеќе од две години едно по друго, е годишна средба со цел дружење. Ваквиот настан најчесто почнува да се планира четири или пет години однапред.

Идните конвенции на Ротари Интернационал се закажани за во Калгари, Канада, во 1996 год, Глазгов, Шкотска, во 1997 год. и Индијанаполис, Индијана, САД, во 1998 год. Бордот на РИ ја одредува областа каде ќе се оддржува конвенцијата, а потоа им дава можност на градовите во истата да се понудат да бидат домакини на настанот. Конвенциите се навистина интернационални настани на кои присуствуваат од 15 000 до 20 000 Ротаријанци и гости. Секој Ротаријанец треба да посети барем една конвенција за да може да ја почуствува вистинската интернационалност на Ротари. Тоа е доживување кое никогаш не се заборава.

---

## Регионални конференции

Од време на време, во промотивната литература на Ротари, може да се прочита најава за регионална конференција некаде во светот. Регионалната конференција е многу слична на годишните интернационални конвенции на Ротари Интернационал, но со помал број на посетители, Ротаријанци и гости од регионот кој е

на прилично голема оддалеченост од местото каде се одржува интернационалната конвенција.

Целта на регионалната конференција е да го промовира и развие пријателството, другарството и разбирањето помеѓу присутните, како и да отвори форум за коментирање и размена на идеи во врска со Ротари и меѓународни работи поврзани со конкретните географските области каде се одржува конференцијата.

На регионалните конференции најчесто присуствуваат две или три илјади луѓе. Бидејки се сметаат за посебни настани во календарот на Ротари, конференциите немаат фиксен термин на одржување, туку периодично според интересот на лидерите на Ротари во дадените региони. За многу од извршните задачи на конференциите се грижи Секретаријатот на Ротари Интернационал.

Иако нема некое посебно правило за присуство на Ротаријанци надвор од дадениот регион, добродојдени се сите членови од целиот свет. Да се присуствува на една регионална конференција од друг регион е еднакво на едно пријатно и фасцинирачко доживување. Овие конференции се уште еден аспект на интернационалното дружење во Ротари.

---

## Меѓународни комитети

Во 1931 год, Ротаријанците од Франција и Германија го основаа "петит комитетот", што всушност претставуваше една мала група чија цел беше создавање на подобри односи помеѓу луѓето на овие две земји. Од тогаш, Ротаријанците од цела Европа создаваа вакви комитети за да ги поттикнат контактите помеѓу Ротаријанците и Ротари клубовите надвор од своите граници.

Меѓународни комитети сега има во многу делови од светот. Тие го промовираат пријателството и соработваат во спонзорирањето на проектите на World Community Service, размена на млади и други активности кои служат за подобрување на разбирањето помеѓу нациите. Често, интернационалните комитети спонзорираат и посети за Ротаријанци со нивните фамилии надвор од земјата и организираат меѓуградски средби и конференции.

Во некои случаи, земји кои се навистина многу оддалечени една од друга создаваат вакви интернационални комитети за да поттикнат добра волја и пријателство со области - партнери од целиот свет. Комитетите ги координираат заложбите со регионалните гувернери на своите земји и секогаш дејствуваат под надзор на областите и клубовите.

Меѓународните комитети им помагаат на сите Ротари клубови и Ротаријанци да си ги исполнат обврските кои им ги задаваат четирите авении на службата, т.е. меѓународното разбирање, добрата волја и мирот во светот.

---

## РИБИ (Ротари Интернационал во Велика Британија и Ирска)

Структурата на Ротари Интернационал во Велика Британија и Ирска (РИБИ) зазема едно интерсно поглавје од нашата историја. Во 1914 год, откога Ротари се прошири преку Атлантикот во Велика Британија и Ирска, како дел од Интернационалната Асоцијација на Ротари клубови, беше создадена Британска Асоцијација на Ротари клубови. За време на Првата Светска Војна интернационалните клубови малку контактираа меѓу себе, а Британската асоцијација се состоеше од мал број на Ротари клубови од Велика Британија, Ирска и неколку други Европски заедници.

После војната, во 1922 год, беше усвоен нов Устав на Ротари Интернационал кој го наметна правилото кое вели дека ако во една земја постојат 25 Ротари клубови, тогаш таа е територијална единица и има право на еден претставник во бордот на Ротари Интернационал, а исто така и на други посебни надлежности. Клубовите во Велика Британија и Ирска веднаш побараа и добија статус на територијална единица. Ниедна друга група во светот не побара и не доби таков статус.

Во 1927 год, Ротари Интернационал го поништи концептот за територијална единица и ги подели клубовите на области во светот. Но, сите “права, привилегии и надлежности на постоечките територијални единици” беа заштитени и зачувани засекогаш. Така, бидејќи РИБИ беше единствената територијална единица, таа продолжи да функционира како независна од Ротари

Интернационал, а предмет на одредени одобренија од Уставот на РИ.

Структурата на администрацијата на РИБИ е погодна само на Велика Британија и Ирска заради географската поставеност, јазикот, традицијата и обичаите. Поради оваа историска врска РИБИ има малку поинаква административна структура од другите Ротари клубови и региони во светот, иако е член на Ротари Интернационал.

---

## Легислативен совет

Во еден период од почетокот на постоењето на Ротари сите промени во законите на РИ или Уставот се предложуваа и гласаа на годишните конвенции. Како што се зголемуваше бројот на присутните на конвенциите, така отворените дискусии стануваа потешки. Така, во 1934 год, беше создаден легислативниот совет како советодавна група која ќе ги дебатира и анализира предлозите пред да бидат изгласани на конвенција.

Конечно, на конвенцијата во Атланта, во 1970 год, се одлучи дека легислативниот совет всушност ќе биде легислативното или парламентарно тело на Ротари. Советот се состои од по еден претставник од секој регион и неколку членови кои некогаш биле на извршна позиција. Одлучено беше советот да се состанува на три години, на термин кој не се поклопува со конвенцијата на Ротари.

Советот, кој што треба следен пат да се состане во 1998 год, има одговорност да ги разгледа и да делува врз сите “одредби” што всушност се предлози за промена во законите и Уставот, и сите “резолуции”, т.е. препорачани промени во правилата и процедурите на Ротари. Предлози можат да даваат сите Ротари клубови, региони или бордот на РИ. Одлуките на советот се предмет на преглед од страна на сите Ротари клубови во светот пред да станат конечни. Ако 10% од гласачкото тело на клубовите не се сложуваат со некоја одлука на советот, тогаш таа легислатива се поништува и се остава за последен преглед на следната конвенција.

Легислативниот совет на целото членство на Ротари му овозможува демократски процес на промена на легислативата во функционирањето на Ротари Интернационал.

---

## Размена на пријателства во Ротари

Една интересна програма на Ротари на тема пријателство е програмата за размена на пријателства. По препорака на комитетот за нови хоризонти во 1981 год, програмата има цел да ги поттикне Ротаријанците со нивните брачни партнери да одат на посети кај други Ротаријански фамилии во светот. Ова може да се спроведе на база на клубови или региони.

Идејата е неколку Ротаријански двојки да отпатуваат во друга земја преку програмата за размена на пријателства. Подоцна, домакините одат на посета кај своите гости. Откако пилот експериментот успеа, програмата за размена на пријателства стана постојана програма во Ротари.

Размената на пријателства често се споредува со програмата на размена на студенти на Фондацијата Ротари, со тој исклучок што првата вклучува Ротаријански двојки кои самите си ги плаќаат трошоците за ваквото интернационално искуство. Овој начин на склучување на пријателство кој го има во Ротари не може да се најде на никое друго место.

Сите Ротаријанци кои се во потрага по необичен одмор или пријателство треба да се свртат кон Ротари програмата за размена на пријателства. Ве чекаат многу необични Ротари авантури!

---

## Доделување награди на младинските лидери на Ротари (Rotary Youth Leadership Awards – RYLA)

Секое лето илјадници млади луѓе се избираат за учество во лидерските кампови или семинари спонзорирани од Ротари во САД, Австралија, Канада, Индија, франција, Аргентина, Кореа и многу други земји. Од 50 до 75 извонредни млади момчиња и/или

девојки поминуваат седум дена во една неформална атмосфера, во природа, учествувајки во дискусии, инспиративни обраќања, обука за лидерство и дружење. Сево ова е со цел овие млади луѓе да си го подобрат личниот развиток, лидерските вештини и карактеристиката да се биде добар граѓанин. Официјалното име на оваа активност е Rotary Youth Leadership Awards (RYLA), иако од време на време настанот се нарекува Камп Ројал, Камп Ентерпрајс, семинари за младинци лидери, конференции за млади итн.

RYLA започна во Австралија, во 1959 год, кога беа избрани младинци од државата Квинсленд за да се сретнат со принцезата Александра, младата братучетка на кралицата Елизабета II. Ротаријанците од Бризбен, кои им беа домаќини на учесниците, беа импресионирани од квалитетот на младите лидери. Се донесе одлука младите лидери секоја година да се собираат на период од една недела исполнета со социјални, културолошки и едукативни активности. Програмата RYLA постепено се прошири во сите региони во Австралија и Нов Зеланд. Во 1971 год, бордот на директори во Ротари Интернационал ја изгласа RYLA за официјална програма на Ротари Интернационал.

## Ротари корпусите за помош на селата

Една од поновите програми од извонредната колекција на Ротари програми и активности низ светот е програмата на Ротари корпуси за помош на селата. Оваа нова форма на услуга на само-помагање беше иницирана од претседателот на РИ М.А.Т. Капарас, во 1986 год, како средство за подобрување на квалитетот на живеењето во селата, населбите и заедниците. Често, има вишок на работна рака, но нема начин овие мажи и жени да се мобилизираат и да спроведат корисни проекти кои ќе допринесат кон напредокот на заедницата.

Ротари корпусите за помош на селата или Ротари корпусите за помош на заедницата, како што се нарекувани во индустриските земји, претставуваат група на луѓе кои не се Ротаријанци, но се спонзорирани од некој Ротари клуб, а кои имаат желба да помогнат на својата заедница со тоа што ќе учествуваат во спроведувањето на одреден проект за развиток.

Ротаријанците предводат, охрабруваат, ја создаваат организациската структура и даваат одреден дел финансиска помош. Корпусите, пак, од друга страна, допринесуваат со тоа што обезбедуваат работна сила за да и помогнат на својата заедница. На овој начин Ротари корпусите за помош на селата му обезбедуваат на Ротари можност да им служи на заедниците кои имаат потреба од помош.

Корпусите најчесто се создаваат гетата на големите градови каде на одредени групи им требаат организациските и менаџерски вештини на Ротаријанците за да можат да спроведат важни само-помош проекти во заедницата.

Оваа програма нуди сосема нова концепција на концептот на служење за да се подобри животниот квалитет.

---

## Волонтери од Ротари

Можете да ги сретнте во кампови за бегалци, далечни клиники, болници и примитивни села. Многумина се доктори и забари но, општо, тие доаѓаат од сите сфери на животот. Тие се волонтерите на Ротари.

Волонтерската програма е отворена за Ротаријанците, Ротаракторите, Алумни од Фондацијата, дури и не-Ротаријанци можат да учествуваат. Тие кои што сакаат да служат во светот треба да отидат во Секретаријатот во нивната област и да го пополнат формуларот за регистрација на волонтери. Исто така треба да примат покана за волонтерство од домакинот Ротари клуб во местото каде што сакаат да служат. Постојат неколку начини да се најдат можности за волонтирање и посебни потреби.

Програмата за волонтирање при Ротари функционира под закрило на службата на професии (Vocational Service) во клубот и на ниво на региони. Учесниците мора да бидат подготвени да служат во период од најмалку еден месец. Фондацијата Ротари од време на време обезбедува фондови кои го покриваат авиопревозот и сметките за скромно сместување. Волонтерите не примаат плата или хонорар за услугите кои ги вршат. Ваквите Ротаријанци имаат патувано во скоро 100тина земји за да овозможат дел од своето време и експертиза.

## Интеракт

Интеракт, младинската програма на Ротари, беше лансирана од бордот на директори во 1962 год. првиот Интеракт клуб беше основан од Ротари клубот во Мелбурн, Флорида. Овие клубови им овозможуваат на момчињата и девојчиња средношколци да работат заедно во светско братство на служење и меѓународно разбирање. Терминот Интеракт е добиен од "интер" што означува интернационалност и "акт" што означува акција, дејствување. Секој Интеракт клуб мора да биде спонзориран и надгледуван од Ротари клуб и мора да составува планови за годишни проекти на служење на своето училиште и во светот.

Денес постојат повеќе од 3 300 Интеракт клубови со близу 75 000 членови во 74 земји. "Интеракторите" развиваат лидерски вештини и се здобиваат со пракса во спроведувањето проекти, а со тоа и го искусуваат задоволството кое доаѓа од служењето на другите. Големата цел на Интеракт е да се даде можност на младите да создадат поголемо разбирање и добра волја кај младите низ целиот свет.

## Ротаракт

После успехот на Интеракт клубовите кај средношколците во раните 1960ти, бордот на РИ го создаде Ротаракт во 1968 год. Новата организација беше создадена за да ја промовира одговорноста на граѓанинот и лидерскиот потенцијал во клубовите на млади мажи и жени на возраст помеѓу 18 и 30 години. Првиот Ротаракт клуб беше основан од Шарлот Северниот Ротари клуб во Шарлот, Северна Каролина. Во 1995 год. постоеја скоро 5 000 Ротаракт клубови со повеќе од 113 500 членови во 114 земји во светот.

Ротаракт клубовите ја потенцираат важноста на обврските кои секој поединец ги има како основа за личниот успех и вклученост во заедницата. Секој клуб спонзорира годишен проект

за промовирање на високи етнички стандарди во бизнис и професионалниот дел од животот на секој човек. Ротаракт исто така отвара патишта кон поголемото меѓународно разбирање и добра волја. Ротаракторите уживаат во многу општествени активности и програми за подобрување на нивната заедница. Еден Ротаракт клуб може да постои само ако е постојано спонзориран, воден и советуван од некој Ротари клуб. Програмите на Ротаракт се градени на основа на мотото “пријателство преку службата”.

---

## Презентацијата на Ротари на парадата на розите

Пресентацијата* на Ротари Интернационал на годишниот турнир на парадата на розите е несомнено најголемиот проект во делот на односи со јавноста на Ротари клубовите во САД и Канада. Од 1924 год. Ротари се претставуваше 18 пати, вклучувајки ја и секоја година од 1981 год. Познатата Пасадена, Калифорнија, парада ја гледале околу 125 милиони луѓе ширум светот.

Фондовите за конструкција на настапот на Ротари на оваа парада се даваат доброволно од Ротаријанците и клубовите во САД и Канада. Трошоците за дизајнот, конструкцијата и цвеќето кое треба да ја покрива конструкцијата на возилото се од $ 120 000 и повеќе.

Мултирегионалниот Ротари комитет во Јужна Каролина ги координира плановите за возилото на Ротари и обезбедува стотици часови на доброволна служба. Возилото мора да ја портретира темата за таа година, обично отсликувајќи една од светските програми на Ротари Интернационал.

Сфаќајќи дека со тоа што одвоиле еден или два долари за овој проект на односи со јавноста, секоја Нова Година Ротаријанците се горди на своето прекрасно возило.

* Во буклетот се употребува терминот ”float”, Што значи камионче или ниска подвижна бина на која се наоѓаат претставници на одредена организација и заедно со паноата, на кои се напишани разни пораки од организацијата, учествуваат во парадата и воедно ја рекламираат својата организација.

---

## Уште повеќе почетоци на Ротари

- Ротари за прв пат ја додели “наградата за важно достигнување” во 1969 год. на клубовите со одлични меѓународни проекти и проекти во служба на зедницата.
- Првиот Интеракт клуб на Ротари беше создаден во Мелбурн, Флорида, во 1962 год, за да биде пионер на околу 7 200 Интеракт клубови во 88 земји.
- Првата конвенција на Ротари која се одржа во јужната хемисфера беше во Рио де Женеро, Бразил, во 1948 год.
- Ротари го доби авторското право над “4-Way тестот” во 1954 год. кога авторот на тестот, Херберт Тејлор, стана претседател на Ротари Интернационал.
- Во 1907 год. се спроведе првиот Ротари проект во служба на заедницата, кога Ротаријанците од Чикаго поведоа кампања за инсталирање на јавна “удобна станица” во градското собрание.
- 1964-65 беше првата година кога Фондацијата Ротари доби придонеси од милион долари. Денес се даваат повеќе од 45 милиони долари годишно. Сите придонеси пресметани заедно уште од 1917 год. изнесуваат повеќе од 750 милиони долари.
- Првиот повик за помош на жртви од несреќа беше во 1913 год, кога беа дадени 25 илјади долари за подмирување на потреби од крв во Охајо и Индијана.
- Мотото на Ротари “Тој кој најдобро служи, највеќе профитира” првпат беше искажано на првата конвенција на Ротари во Чикаго 1916 год.

---

## Генералниот секретар на Ротари Интернационал

Секојдневното функционирање на Секретаријатот на Ротари Интернационал е под надзор на генералниот секретар,

најпрофесионалниот извршен човек во Ротари. Иако генералниот секретар е одговерен пред бордот на директори и претседателот на Ротари Интернационал, тој ги води околу 500те вработени членови кои го сочинуваат Секретаријатот на Ротари Интернационал.

Генералниот секретар служи како секретар на бордот на РИ, а истовремемно е и генерален извршен и финансиски директор на Фондацијата Ротари, која е под надзор на управниците на Фондацијата. Тој/таа е секретар на сите Ротари комитети, легислативниот комитет, регионални конференции и годишната Ротари конвенција.

Бордот на РИ го назначува генералниот секретар и му дава мандат од пет години. Секретарот најчесто после истекување на мандатот го избираат повторно. Од 1910 год. седумторица служеа на оваа позиција. Чесли Пери, првиот генерален секретар, служеше од 1910 до 1942 год. другите кои следеа после него се: Фил Лавџој (1942-1952), Џорџ Минс (1953-1972), Хери Стјуарт (1972-1978), Херб Пигман (1979-1986), Филип Линдзи (1986-1990) и Спенсер Робинсон, Помладиот (1990-1993). Херб Пигман повторно го избраа за генерален секретар во 1993 год. Подоцна Џефри Ларџ го наследи во 1995 год.

Низ историјата, личното влијание и административните вештини што ги поседуваа нашите генерални секретари, во значителна мера го означија правецот на програмите и активностите на Ротари.

## Избор на претседател

Секоја година се избира еден истакнат Ротаријанец за претседател на Ротари Интернационал во светот. Целиот процес започнува две години претходно кога се избира комитет од 15 номинирани кандидати, секој од различен регион во светот. За да може да се квалификува во комитетот на номинирани, Ротаријанецот треба да има служено во бордот на директори на Ротари Интернационал и да има широко искуство во Ротари и солидно пријателство со сите Ротари лидери во целиот свет.

Комитетот на предлагачите може да ги земе в предвид за кандидати за претседател сите поранешни РИ директори.

Членовите на комитетот на предлагачите и актуелните директори не можат да се номинираат. Секој Ротари клуб може да му предложи на комитетот некој поранешен РИ директор. Личноста потоа е предмет на разгледување од комитетот.

Комитетот се состанува во септември за да го избере претседателскиот кандидат. Неговото име потоа се соопштува на сите клубови. Секој Ротари клуб има право да номинира уште некого пред 1ви декември, кој мора да биде поддржан од еден процент од сите Ротари клубови во целиот свет (околу 250 клубови). Ако вакво нешто се случи, тогаш изборот се спроведува преку тајно гласање. Ако клубовите не предложат нов кандидат, номинираната личност од страна на комитетот се прогласува за наименуван кандидат. Од тогаш и понатаму тој одреден Ротаријанец и неговата сопруга минуваат период од повеќе од година во подготовки, а потоа една година служејки им на Ротаријанците во светот како интернационален претседател.

---

## Годишни Ротари теми

Во 1955 год, претседателот на РИ А. З. Бејкер ја најави “Да ги развиеме средствата” за тема на програмата на Ротари која ќе биде акцентирана. Од тогаш, секој претседател избираше тема за време на својот мандат. Најкратката тема беше на Џозеф Аби, кој во 1961-1962 год. ја избра темата “Чин”. Други кратки теми од еден збор беа избрани од Чарлс Тенет, во 1958-1959 год.(“Служење”) и Киоши Тогасаки, во 1968-1969 год. (“Учествувај”).

Карл Милер избра тема која се однесуваше на неговото време во 1963-1964 год. и која гласеше “Водич за Ротари во вселенското време”. Други вакви теми имаше во 1980-1981 год. кога Ролф Клерих ја создаде “Одвои време за служење”, а Вилијам Картер во 1973-1974 год. ја употреби “Време за акција”. Две теми имаат слична реклама: “Подобар свет преку Ротариг (Ричард Еванс, 1966-1967) и “Посегни се”(Клем Реноф, 1978-1979). Мостовите се најударната метафора. Харолд Томас, во 1959-1960 год, ги повика Ротаријанците да “Изградете мостови на пријателство”; Вилијам Вок, во 1970-1971 год, ја создаде “Премостете ја празнината”; а, Хироџи Мусака, во 1982-1983 год,

ја прогласи темата “Човештвото е едно - градете мостови на пријатества низ целиот свет”.

Темите на кои што целиот свет се фокусираше беа дадени од Стен МекКефри, во 1981-1982 год, со пораката “Разбирање и мир во светот преку Ротари” и во 1983-1985 год, од Карлос Кансеко, кој ги повика Ротаријанците на “Откријте нов свет на службата”. Во други години се истакнуваше индивидуата, како во 1960-1961 год. “Ти си Ротари” (Ед МекЛохин), 1971-1972 год. “Добрата волја започнува со тебе” (Ернст Брајтхолз) и 1985-1986 год. “Ти си клучот” (Ед Кедман). Често темата ги повикува Ротаријанците да се вклучат повеќе во својот клуб, како “Дели го Ротари - служи им на луѓето” (Бил Скетон, 1983-1984) или “Направи го членството во Ротари ефективно” (Лутер Хоџис, 1967-1968). Но, кога “Повтори и обнови”, “Погледни уште еднаш“, “Дозволи и на службата да ти го осветли патот” или “Возвиши го човечкото битие”, јасно е дека претседателот на РИ создал важна годишна програма за фокусирање. Во 1986-1987 год. претседателот М. А. Т. Капарас избра една инспиративна порака, која гласеше “Ротари носи надеж”.

Чарлс Келер во 1987-1988 год. Ротаријанците ги гледаше како “Ротаријанци - заедно во службата, посветени на мирот”. Ројс Аби, во 1988-1989 год. ги замоли Ротаријанците “Подарете живот на Ротари - Вашиот живот”. Хју Арчер (1989-1990) повика “Уживајте во Ротари”, а Паоло Коста (1991-1991) побара “Искажете почит кон Ротари со верба и ентузијазам”. Мојот претходник Раџа Сабу (1991-1992) го повика секој Ротаријанец да “Погледни подалеку од себе”. Во 1992-1993 год. јас ги потсетив сите Ротаријанци дека “Вистинската среќа значи помагање на другите”, а во 1994-1995 год, Бил Хантли ги охрабри сите да “Биди пријател” на своите заедници. За време на 1995-1996 год, Херб Браун побара од Ротаријанците да “Дејствувај со интегритет, служи со љубов, работи за мир”.

## Забранети кампањи

Еден од интересните закони на Ротари Интернационал вели дека “ниеден Ротаријанец нема да се служи со кампања, изборна агитација и предизборна кампања за да се здобие со место во

Ротари Интернационал”. Ова нешто се однесува на местото на регионалнииот гувернер, директорот на Ротари Интернационал, претседателот на РИ и разни други комитети кои се избираат. Правилникот на Ротари забранува циркулација на било какви брошури, литература или писма од страна на било кој кандидат или некоја друга личност за одредена цел за еден кандидат.

Откога Ротаријанецот ќе искаже желба за кандидирање за една од позициите во Ротари, тој мора да се воздржи од говори, излегувања во јавност или публицитет, што би можело да ја зголеми и прошири неговата кандидатура. Единствената кандидатура која може да се испрати до клубовите во врска со кандидатите е таа што официјално се дистрибуира од генералниот секретар на РИ.

Ротаријанецот кој станува кандидат за некоја изборна позиција, како регионален гувернер или РИ директор, мора да ги избегнува сите чекори кои би му дале нефер предност пред другите кандидати. Ако ова правило за забрането спроведување кампањи не се почитува, резултат ќе биде дисквалификација на кандидатот.

Во Ротари постои верување дека службеното досие и квалификациите за одредена позиција на секој Ротаријанец се секогаш толку добри што не им е потребна промоција или публицитет.

---

## Почетоците на Фондацијата Ротари

Негои огромни и одлични проекти израснаа од многу мали потреби. Почетоците на Фондацијата Ротари беа од еден таков скромен вид.

Во 1917 год. претседателот на РИ Арч Кламп им рече на делегатите на конвенцијата во Атланта дека “би било навистина пристојно да прифаќаме дотации за да правиме добра по светот”. Одговорот беше учтив и за предлогот, но фондот споро се материјализираше. Една година подоцна Ротари Фондот за дотации, како што тогаш беше именуван, ја доби првата донација од $ 26, 50 од Ротари клубот од Канзас Сити, што всушност беше балансот за конвенцијата во Канзас Сити после годишниот состанок во 1918 год. Годишно се даваа други мали суми на пари, а

после шест години забележано е дека фондацијата достигнала само до $ 700. Една цела декада подоцна Фондацијата Ротари беше официјално основана на конвенцијата во Минеаполис, во 1928 год. Во следните четири години Фондацијата порасна до $ 50 000. Во 1937 год. Фондацијата објави цел од $ 2 милиони, но сето тоа се измени и редуцира со почетокот на Втората Светска Војна.

Во 1947 год, по повод смртта на Пол Харис, започна нова ера во Фондацијата Ротари со тоа што река од комеморативни подароци, во чест на основоположникот на Ротари, се слеа кон Фондацијата. Од тогаш Фондацијата успева да ја постигне благороднита цел на проширување на "разбирањето и пријателските односи помеѓу луѓето од различни нации". Во 1954 год. за прв пат Фондацијата прими пола милион долари за една година, а во 1965 год. овој износ се зголеми на еден милион.

Зашеметувачка е помислата дека од такви скромни почетоци Фондацијата Ротари денес прима повеќе од 45 милиони долари годишно за образование и хуманитарна работа во целиот свет.

---

## Константниот фонд на Фондацијата Ротари

Арч Кламп, таткото на Фондацијата Ротари рече: "Не треба да  гледаме на Фондацијата како на нешто што е створено за денес или утре, туку како на нешто што е создадено за идните години и генерации." Затоа, константниот фонд на Фондацијата Ротари се смета за најважен начин на обезбедување на иднината на образовните и хуманитарните програми на Ротари. Допринесите кон овој фонд, кој што порано се нарекуваше "Дотации за разбирањето и мирот во светот", се допринеси кои се инвестираат во иднината. Само заштедата од тие инвестиции се користи за поддршка на програмите на Фондацијата. Конечно, константниот фонд служи за постојана и безбедна поддршка на Фондацијата, која што, пак, гарантира минимално ниво на програмска активност и отвара можности за нови и проширени програми во иднина.

Фондацијата оддава посебно признание на секој оној кој ќе даде посебен придонес од своите недвижнини на константниот фонд или пак минимален придонес од $ 1 000 во готовина. Тој

донатор добива признание за добродетел на Фондацијата Ротари. Во 1995 год. имаше 18 000 добродетели од целиот свет.

## Амбасадорски стипендии

Програмата на амбасадорски стипендии на Фондацијата Ротари е најголемата интернационална програма за стипендии во светот која е приватно финансирана. Во 1947 год. 18 “другари од Ротари” од 11 земји беа избрани да служат како амбасадори на добрата волја додека студираат во друга земја во период од една година. Од тогаш околу $ 242 милиони се поделени на 25 000 стипендии за луѓе од 125 земји кои студираат во 105 земји низ светот.

Целта на оваа програма за стипендирање е да се зголеми меѓународното разбирање и пријателските односи помеѓу луѓето од различни земји. Од академците се очекува да бидат одлични амбасадори на добрата волја на луѓето од земјата домакин, а тоа да го остварат преку официјални и неофицијални излегувања во јавноста пред групи од Ротари и групи кои не припаѓаат на Ротари.

Почнувајки со програмската 1994-1995 година, Фондацијата Ротари нуди два нови типа на стипендии покрај амбасадорската стипендија од една година која е на репертоарот уште од 1947 год. Повеќегодишната амбасадорска стипендија се доделува на две или три години за одредени полиња на изучување во светот. Културолошката амбасадорска стипендија овозможува финансирање за три или шест месеци интензивен курс и културно крстарење во јазик кој е различен од мајчиниот.

Ротаријанците се свесни дека стипендиите на Фондацијата Ротари се скапоцени инвестиции во иднината и многу важен чекор во потрагата кон подобро разбирање и добра волја во светот.

## Размена на групи (Group study exchange)

Една од најпопуларните и најкорисните програми на Фондацијата Ротари е Group Study Exchange. Почнувајки од првата регионална размена помеѓу Јапонија и Калифорнија во 1945 год, програмата им овозможи едукативно искуство на 25 000 бизнисмени и професионалци кои беа дел од околу 1 500 тимови. Овој тип на програма спојува Ротари региони кои си разменуваат тимови. Од 1965 год, па до денес, Фондацијата Ротари за оваа програма одвои стипендии во вредност од повеќе од $ 42 милиони.

Една од најпривлечните предности на програмата е тоа што таа отвара можности на тимските членови да се запознаат, разговараат и да живеат со други Ротаријанци и нивните семејства во духот на топлото пријателство и гостопримство. Иако во почетокот тимовите беа составени само до машки членови, во последниве години и жените им се придружија.

Тимовите посетуваат фарми, училишта, индустриски капацитети, професионални канцеларии и зданија на разни Влади, со што стекнуваат големо знаење за земјите домакини. Покрај ова едукативно искуство, тимовите на размена служат и како амбасадори на добрата волја. Тие се претставници на својата земја во заедниците домакини. Многу од пријателствата кои тогаш се создаваат траат доживотно.

Размената на групи е програма која на сите Ротаријанци, преку едно навистина пријатно, практично и продлабочено искуство, им овозможува да го промовираат разбирањето меѓу нациите во светот.

## Здравје, глад и хуманитарни дотации

Во 1978 год. Ротари ја започна најопсежната хуманитарна програма наречена “Здравје, глад и човечност”. Програмата на кратко се нарекува 3-H поради англиската верзија на нејзиното име - Health, Hunger and Humanity Program. Значи, 3-H програмата е создадена со цел да се остварат поголеми проекти кои се надвор

од можностите на групи од клубови кои ги здружиле силите во заеднички активности или, пак, на секој клуб поединечно.

До 1995 год. одобрени се повеќе од 137 различни 3-Н проекти, кои, пак, се подоцна спроведени во 52 земји. Апропријацијата на сите овие проекти изнесува повеќе од $ 37 милиони. Целта е да се подобри здравјето, да се ублажи гладта и да се засили социјалниот, културниот и човечкиот развој кај народите во светот. Крајната цел, пак, е унапредување на меѓународното разбирање, добрата волја и мирот.

Првиот 3-Н проект беше имунизација на шест милиони деца од Филипините против детска парализа. Мрежата на 3-Н програмите се развиваше низ целиот свет и нови програми се создаваа за помош на регионите во развој. Сега, во склоп на масовното имунизирање на повеќе од сто илјади деца од различни земји, 3-Н промовираа програми за прехрана, стручна спрема, подобра иригација со цел подобро прехрамбено производство, рехабилитација на жртвите од детска парализа и други активности кои се од корист на многу луѓе од земјите во развој. Сите 3-Н проекти имаат Ротаријанска волонтерска поддршка преку Фондацијата Ротари. Во годините што следат 3-Н програмата најверојатно ќе го достигне нивото на најдобра активност на Ротари, укажувајќи на фактот дека Ротаријанците се грижат и им помагаат на луѓето желни за помош, без разлика каде и да се.

---

## Matching Grants (дотации кои се погодно насочени)

Една од програмите на Ротари е и програмата Matching Grants која е од голема помош на сите Ротари клубови и региони што спроведуваат меѓународни проекти. Од 1965 год. до денес, доделени се повеќе од 3 700 дотации за проекти во повеќе од 137 земји. Сумата на овие дотации изнесува повеќе од $ 23 милиони.

Клубот или регионот мора да даде износ во барем иста висина на тој што се бара од Фондацијата Ротари, со барем половина од фондовите кои што доаѓаат од дадената земја што Фондацијата ќе ја спари со проектот кој треба да се спроведе во одредена земја. Досега, дотациите се употребени за реновирање на болници, развој на училишни програми, копање на бунари за вода, помаш на хендикепирани или лица на кои им е потребна

посебна медицинска нега, обезбедување средства за сирачиња, градење на санитетски установи, дистрибуирање на храна и медицински залихи и многу други услуги во сиромашни заедници во светот. Повеќето дотации се во износ од $ 5 000 до $ 10 000, иако има и некои кои изнесуваат од $ 15 000 до $ 50 000.

Ако целта е купување земја или градење објекти, Matching Grants не се одобруваат. Исто така, тие не се одобруваат за проекти кои се веќе во процес на спроведување или, пак, се завршени. Личната партиципација на Ротаријанците е задолжителна, а во благодетите уживаат не само луѓето кои ги примаат, туку и многу други.

Оваа програма е многу важен дел од Фондацијата Ротари, а исто така и голема мотивација за клубовите за да спроведат вакви меѓународни проекти во различни делови од светот. Секако, како и сите други, програмава ги потпомага нештата кои ги поддржуваат целите на Фондацијата Ротари, т.е. добрата волја и разбирањето.

---

## Карл П. Милер дотации за пронајдоци

Покојниот Карл П. Милер, претседателот на Ротари во 1963-1964 год, веруваше во хуманитарната работа која што може да се спроведе на ниво на обичниот граѓанин. Преку Matched Club и регионалната програма, програми кои започнаа за време на неговиот мандат, тој ги поттикна Ротаријанците да побараат начин за служење во разни земји преку контакт со луѓе. Спарувањето на клубови и региони стана еден од основните елементи на службата во заедниците во светот.

Успешниот издавач на весници, Карл, и неговата сопруга Рут, несебично дотираа во Фондацијата Ротари со цел да се создаде програмата наречена Карл П. Милер - дотации за пронајдоци. Овие дотации се наменети за стимулација на клубовите и регионите. На овој начин тие ќе придонесат до $ 3 000 за патни и слични трошоци кои се потребни за развитокот на било кој меѓународен проект. Карл Милер дотациите не го финансираат самиот проект, туку контактот со луѓе кој е потребен во раните фази, за да може подоцна тој да биде успешен. Дотациите ги доделува Фондацијата Ротари, два пати годишно во

август и февруари и тоа само клубови и региони или групи на клубови и на региони.

---

## ПолиоПлус

ПолиоПлус е олицетворение на огромниот труд на Ротари за да се искорени полиомиелитисот од целиот свет до 2005 год. Зборот *плус* во ПолиоПлус го означува делот од глобалниот напор кој е насочен кон заштита на децата од другите пет смртоносни болести. Програмата беше основана 1985 год. и се фокусираше на собирање фондови. Првенствената цел беше да се соберат $ 120 милиони. До 1988 год, Ротаријанците низ целиот свет собраа повеќе од $ 219 милиони во готовина и залози, а до 1994 год, готовината изнесуваше повеќе од $ 264 милиони! Сите овие подароци и овозможија на Фондацијата Ротари да дотира за пет годишни залихи на вакцини за било која земја која ќе побара помош од овој вид за да си ги заштити децата. Се дотираше во повеќе од 100 земји. Оваа обврска за купување на вакцини и за подобрување на нивниот квалитет до сега чинеше $ 181 милиони.

Во 1988 год, Светската Здраствена Организација си зададе за цел да ја искорени детската парализа од целиот свет до 2000 год, а Ротари ја поддржа, со тоа што се надева дека за својот 100 роденден, во 2005 год, ќе прослави и уште една победа - свет ослободен од детската парализа. Процесот на искоренување ќе биде тежок (само една болест, т.е. малите сипаници, беше искоренета) и скап (пресметаниот е дека целиот процес ќе ја чини меѓународната заедница $ 2 милијарди). Ќе биде потребнен непрекинат процес на имунизација на децата низ целиот свет, систематски извештај за сите сомнителни случаи, вакцинирање на цели заедници за да спречи проширување на болеста и подигнување на мрежа од лаборатории. Сепак, Ротари нема да дејствува сам, туку заедно со национални Влади, светски и пан американски здраствени организации, УНИЦЕФ и други. Ротаријанците од земјите во развој одвоија илјадници часови за помош и дадоа бесконечна материјална помош за да се искорени болеста од нивните земји.

Ниедна друга невладина организација не се нафатила со обврска на ниво на ПолиоПлус. Ова може навистина да се смета

за најголемата хуманитарна акција во историјата. Секој Ротаријанец може да биде горд на ваквото постигнување!

---

## Програма за помош при катастрофи

Кога некоја голема природна катастрофа ќе погоди некој дел од светот, не е изненадувачки дека луѓето од програмата за помош при катастрофи ќе пристигнат во рок од неколку часови и веднаш ќе отпочнат да им помагаат на настраданите. Претседателот на РИ може веднаш да издвои скромни дотации во износ до $ 5 000 за луѓе кои го изгубиле домот поради урагани, земјотреси, поплави, пожари или други несреќи.

Откога ќе се даде една ваква почетна дотација, секретаријатот потоа дава повик за помош на кој се одговара со помош во пари, залихи, храна, облека и покуќнина од сите Ротаријанци во светот. Целиот процес вообичаено трае неколку месеци, за да се испрати потребната помош до клубовите и регионите во погодената област.

Фондот за помош при катастрофи го основаа управниците на Фондација Ротари со цел да се овозможи издвојување на мали дотации во секој момент кога би се случила некоја катастрофа. Претседателот на Ротари Интернационал може веднаш да издејствува храна, ќебиња, засолништа и прва помош за жртвите од несреќата. Сето ова се издејствува преку регионалниот гувернер од областа каде се случила трагедијата.

Фондот за помош при катастрофи е еден од позначајните начини на кој Фондацијата Ротари, со сите подароци, ги гради добрата волја и разбирањето во светот.

---

## Мировните програми на Ротари

Фондацијата Ротари имаше една посебна програма на која во почетокот и го даде името “Ротари форум за мирот”. Концептот центар или едукативна програма за промовирање на поголемо разбирање и мир во светот беше првенствено

разгледуван во 1982 год, од страна на комитетот за нови хоризонти и комитетот за разбирање и мир во светот. Во 1984 год, идејата беше подлабоко анализирана од комитетот за нови програми при Фондацијата Ротари.

Основата на оваа програма е да се употребат невладините, но светски средства на Ротари за да се основаат едукативни програми на теми кои предизвикуваат конфликти помеѓу нациите во светот, како и на тема на влијанијата и активностите кои промовираат мир, развој и добра волја. Програмата вклучува семинари, публикации или конференции кои служат за да предизвикаат глобален дијалог со цел да се изнајдат нови пристапи кон мирот и разбирањето во светот.

Управниците на Фондацијата Ротари избираат годишно посебни програми за мир. Многу од нив се остваруват во комбинација со претседателските конференции.

---

## Членови на братството Пол Харис

Несомнено најважниот чекор направен кон промоцијата на доброволно дарување во Фондацијата Ротари беше превземен во 1957 год. Таа година беше предложена идејата за доделување на Paul Harris Fellow признанието. Иако давањето на $ 1 000 подарок на Фондацијата беше навика која споро се стекнуваше, таа сепак стануваше сѐ популарна во почетокот на 1970те. Специфичиот медал, брошот и убавиот серитфикат станаа почитувани симболи за солидна финансиска обврска кон Фондацијата Ротари од страна на многу Ротаријанци и пријатели од целиот свет.

Признанието кое оди рака под рака со Paul Harris Fellow е Paul Harris Sustaining Member (признание за членови потпомагачи), признание кое се доделува на секој кој дал или во чија чест е подарен допринес од $ 100 со изјавена намера за понатамошни допринеси додека износот не ја достигне бројката од $ 1 000. Кога ќе ја достигне оваа бројка, Ротаријанецот кој го има добиено признанието Paul Harris Sustaining Member се унапредува во Paul Harris Fellow, член на братството Пол Харис.

До 1995 год. повеќе од 470 000 Paul Harris Fellow членови и 160 000 Sustaining Members, т.е. членови потпомагачи беа ставени на списоците на Фондацијата Ротари.

Посебен брош се подарува на Paul Harris Fellow членовите кои дале уште $ 1 000 придонес кон Фондацијата. Овој брош е златен, со по еден син камен за секоја донација од по $ 1 000 долари. Максималниот придонес изнесува пет пати по $ 1 000, т.е. $ 5 000.

Признанието Пол Харис претставува добра мотивација за непрекинатата поддршка која е потребна за да се овозможи потпишување на многу програми на Ротари, кои, пак, градат добра волја и разбирање во светот.

---

## Пофалба за заслужност во службата и признание за истакната служба ("Citation for Meritorious Service" and "Distinguished Service Award")

Управителите на Фондацијата Ротари повремено доделуваат две многу посебни признанија на оние Ротаријанци кои вршат извонредна служба на Фондацијата. Пофалбата за заслужност во службата се дава по заслуга на оние кои посебно и предано служат и ги промовираат програмите на Фондацијата Ротари. На овој начин овие Ротаријанци напредуваат кон целта на Ротари, која претставува подобро разбирање и пријателски односи помеѓу луѓето во светот.

Втората награда, наречена признание за истакната служба, се доделува на оние Ротаријанци чие досие на служба во Фондацијата Ротари е извонредно, покрива многу поголема палета на активности, се простира подалеку од регионалното ниво и се простира во еден подолг непрекинат период. Ова признание е потврда за непрекинатата поддршка на полето на промовирање на меѓународното разбирање од страна на Ротаријанецот кој веќе ја има добиено пофалбата за заслужност во службата.

Двете признанија се доделуваат за одлична служба и преданост кон Фондацијата, а не поради финансиските допринеси. Годишно управителите не доделуваат повеќе од 50 награди. Регионално, годишно се доделува само една пофалба за заслужност во службата. Ротаријанецот кој ќе ја прими пофалбата не е кандидат за признание за истакната служба во следните две или повеќе години.

За секој Ротаријанец овие две награди претставуваат навистина горда одлика за сторената служба.

---

## Односи со јавноста

Ротаријанците низ историјата создадоа мит дека Ротари не треба да се бори за публицитет, туку да допушти добрите работи да зборуваат сами за себе. Правилото од 1923 год. вели дека “кај клубовите на Ротари при избирањето на активности публицитетот не треба да биде цел” за служба во заедницата. Ова значи дека клубовите на Ротари треба да избегнуваат публицитет и односи со јавноста. Всушност, правилото понатаму гласеше дека “како средство за зголемување на влијанието на Ротари, погоден публицитет треба да се даде на важен проекти кои се завршени”.

Во средината на 1970тите беше прифатена една посовремена филозофија во односите со јавноста која велеше дека “добриот публицитет, добрите односи со јавноста и позитивниот имиџ се пожелни и битни цели цели за Ротари” ако поттикнуваат разбирање, благодарност и подршка на целта и програмите на Ротари, и ја прошируваат хуманитарната мрежа на Ротари. Активните односи со јавноста се витални за успехот на Ротари.

Проектот кој е успешно завршен се смета за една од најдобрите пораки до јавноста. Важно е сите клубови на Ротари да се потрудат да ја известат јавноста за проектите што се успешно спроведени.

Додека Ротари клубовите и регионите размислуваат за ефективни односи со јавноста важно е да се запомни дека Ротаријанците мислат на Ротари, дека сите ние мислиме на нашите благородни цели и мотиви. Но, кога светот ќе помисли на Ротари, може да помисли само на нашите акции и службата која ја извршуваме.

## Употребата на амблемот на Ротари

Амблемот на Ротари Интернационал е официјално регистриран во канцеларијата за патенти во САД како заштитен знак и како “службен знак “ и на тој начин е заштитен од непрописна или нелегална употреба. Амблемот не треба на никој начин да се измени или модифицира.

Сите Ротаријанци се повикуваат да го носат како брош на реверите. Амблемот често може да се види на палта, пенкала, капи и други лични работи изработени од фирми или лица со дозвола од бордот на директори при Ротари Интернационал. Амблемот, секако, го има и на значките, знаменцата, патните ознаки и официјалните меморандуми на Ротари, како знак на препознавање.

Сепак, амблемот не смее да се употребува за било каков маркетинг. Не смее исто така да се употребува во политички кампањи или во врска со било кое име или амблем кои не се признаени од Ротари Интернационал. Ротаријанците не треба да го употребуваат на личните визит карти или меморандуми или, пак, за било каква промоција на бизнис. На крај, не е дозволено амблемот да се прикачи на вратите или прозорците од било чии канцеларии.

Сите Ротаријанци ја имаат одговорноста со гордост да го употребуваат амблемот на Ротари. Сите овие рестрикции се со цел амблемот да не биде злоупотребен и секогаш да ја издвојува организацијата.

## Особени настани во Ротари

Во годишниот календар на Ротари постојат неколку месеци кои служат за нагласување на големите програми на Ротари Интернационал.

- Јануари е месецот за подигнување на свеста. Ова е време за проширување на знаењата за Ротари и активностите на организацијата помеѓу членовите и во заедницата.

- Февруари е назначен за месец на разбирањето во светот. На овој месец му е дадена оваа функција посебно затоа што 23 февруари е роденденот на Ротари Интернационал. За време на целиот месец сите Ротари клубови се повикуваат да презентираат програми кои што го промовираат разбирањето помеѓу народите и добрата волја, како и да започнат проекти од типот на светската заедница во разни делови од светот.
- Светската недела на Ротари е онаа недела од март каде ќе се падне 13 ден од овој месец. Тоа е период кога Ротари клубовите и регионите го потенцираат значењето на Ротаракт со тоа што со своите Ротаракт клубови се придружуваат на разни проекти.
- Април е месецот посветен на списанието на Ротари. Во овој месец, Ротари клубовите организираат програми и активности кои промовираат читање и употреба на “The Rotarian” и другите официјални списанија на Ротари.
- Август е месецот на членството и период кога тоа се продолжува. Ова е месец кога Ротари се фокусира на постојаната потреба од растеж, барање на нови членови и формирање на нови клубови.
- Септември е месец на активности за младите. Ротари клубовите од целиот свет, овој месец, посебно ставаат акцент на програмите кои се спонзорирани од Ротари, а се во корист на децата и младите луѓе. овој месец многу клубови посветуваат поголемо внимание на програмата за размена на млади.
- Октомври е месецот на професионална служба. За време на овие 31 денови, клубовите ја истакнуваат важноста на бизнис и професионалниот живот на секој Ротаријанец. Професионалната авенија на службата се промовира со посебни активности.

♦ Ноември е избран за месец на Фондацијата Ротари. Клубовите и регионите повикуваат на внимание на програмите на Фондацијата и често прибираат додатна финансиска помош преку промовирање на придонеси за здружението Пол Харис и членови кои се обврзуваат дека ќе продолжат да даваат придонеси додека не го достигнат износот од $ 1 000 (Sustaining members).

Секој од овие посебни месеци служи за да се подигне нивото на свеста кај Ротаријанците за некои од одличните програми кои што се спроведуваат во границите на Ротари.

---

## Проширување на Ротари

На секои 14 часови некаде, во некоја од повеќе од 150те земји во светов, некој Ротари клуб добива дозвола за неговото постоење. Овој постојан растеж на нови клубови е од голема важност за проширувањето на програмите на Ротари на ниво на светот и влијанието на Ротари Интернационал. Нови Ротари клубови може да се оформат било каде во светот каде што би се почитувале основните правила на Ротари и каде реално би било можно да опстанува еден успешен клуб.

Клубот треба да се оформи со цел да служи во конкретно одредена територија каде постојат доволно бизнисмени или професионалци со добар карактер кои се на извршна функција или сопственици на бизнис. За оформување на еден нов клуб потребен е минимум од 40 потенцијални класификации, од кои барем 25 лица мора да стапат во постојано членство во Ротари. Понекогаш веќе постоечки клуб одделува дел од својата територија или, пак, дели една иста територија со новиот.

Во процесот на создавање на нов клуб, првиот чекор е да спроведе анкета во локацијата за да се утврди потенцијалот за превземање на еден ваков чекор на проширување. Почесниот претставник на регионалниот гувернер го води целиот процес на создавање. Меѓу условите за оформување на нови клубови е и прифаќањето на стандардниот Устав на Ротари, минимум од 25 членови со јасна класификација, плаќање на одредена такса за дозвола, неделни состаноци на пробниот клуб и именување на клубот со име кое јасно ќе го идентификува клубот со локацијата каде се наоѓа. Пробниот клуб станува Ротари клуб кога молбата за дозвола ќе биде прифатена од Ротари Интернационал.

Да се соработува и помага при оформувањето на нови Ротари клубови е голема можност и посебна должност за секој Ротаријанец. Сознанието дека денес, утре и секој ден по два нови клубови поднесуваат молби за дозвола е огромна поддршка на виталноста и распространувањето на службата на Ротари низ целиот свет.

# Содржина


Дефиниција за Ротари ------------------------------------ 1
Официјалното знаме на Ротари------------------------- 2
Тркалото - амблем на Ротари---------------------------- 2
Секретаријатот------------------------------------------------ 3
Некои од почетоците на Ротари ------------------------ 3
Цел на Ротари ------------------------------------------------ 4
Мотата на Ротари ------------------------------------------ 5
100% присуство/посетеност ----------------------------- 6
The 4-way test ------------------------------------------------ 7
Пол Харис - прв, но не и најпрв ------------------------ 7
Имиња или прекари ---------------------------------------- 8
Четирите авении на службата -------------------------- 9
The Rotarian и регионалните списанија----------------- 10
Меѓународните обврски на Ротаријанецот ---------- 10
Стандардниот Устав на клубот------------------------- 11
Спонзорот на новиот член-------------------------------- 12
Жените во Ротари ----------------------------------------- 13
Светското седиште на РИ-------------------------------- 13
Уште едни почетоци на Ротари ------------------------- 14
Соба бр. 711 - родното место на Ротари -------------- 15
Месец на разбирањето во светот ----------------------- 16
Наградата на Ротари за разбирањето во светот ---- 17
Правило на класификација------------------------------- 18
Размена на знамињата на клубовите ------------------ 19
Правила за отсуствување -------------------------------- 20
Да се дели Ротари со новите членови ----------------- 20
Толеранција на разликите ------------------------------- 21
Необични make-up собири------------------------------- 21
Стручни услуги------------------------------------------------ 23
Ротаријанки -------------------------------------------------- 23
Лекции по Ротари географија -------------------------- 24
Молитви на состаноците -------------------------------- 25
Официјалниот именик ----------------------------------- 26
Можности за здружување-------------------------------- 27
Пеењето во клубовите------------------------------------ 27

Активно сениорско членство --------------------------- 28
Почесно членство ------------------------------------------ 29
Членството во Ротари Интернационал --------------- 29
Регионален гувернер ------------------------------------ 30
Меѓународното Собрание -------------------------------- 31
Регионалното Собрание---------------------------------- 32
Регионалната конференција ---------------------------- 32
Обука на кандидатите за претседател----------------- 33
Размена на млади ------------------------------------------ 34
Лични привилегии нема ---------------------------------- 35
“Секој Ротаријанец е пример за младината” --------- 35
Служење на светската заедница (World Community Service) ------------------------------------------------------ 36
Женски друштва во врска со Ротари ----------------- 37
Програмата за функционално описменување ------- 38
Грижа за постарите --------------------------------------- 39
Интернационални конвенции---------------------------- 40
Регионални конференции-------------------------------- 40
Меѓународни комитети ---------------------------------- 41
РИБИ (Ротари Интернационал во Велика Британија и Ирска) --------------------------------------------------------- 42
Легислативен совет -------------------------------------- 43
Размена на пријателства во Ротари ------------------- 44
Доделување награди на младинските лидери на Ротари
(Rotary Youth Leadership Award - RYLA) ---------------- 44
Ротари корпусите за помош на селата ---------------- 45
Волонтери од Ротари------------------------------------- 46
Интеракт---------------------------------------------------- 47
Ротаракт ---------------------------------------------------- 47
Презентација на Ротари на парадата на розите ----- 48
Уште повеќе почетоци на Ротари -------------------- 49
Генералниот секретар на Ротари Интернационал - 49
Избор на претседател ------------------------------------ 50
Годишни Ротари теми------------------------------------ 51
Забранети кампањи -------------------------------------- 52
Почетоци на Фондацијата Ротари--------------------- 53
Константниот фонд на Фондацијата Ротари -------- 54

Амбасадорски стипендии -------------------------------- 55
Размена на групи (Group study exchange) --------------- 56
Здравје, глад и хуманитарни дотации ------------------ 56
Matching Grants (дотации кои се погодно насочени)57
Карл П. Милер дотации за пронајдоци ---------------- 58
ПолиоПлус ------------------------------------------------ 59
Програма за помош при катастрофи ------------------- 60
Мировните програми на Ротари ------------------------ 60
Членови на братството Пол Харис -------------------- 61
Пофалба за заслужност и признание за истакната служба
(“Citation for Meritorious Service” and “Distinguished Service Award”) ---------------------------------------------- 62
Односи со јавноста ---------------------------------------- 63
Употребата на амблемот на Ротари ------------------- 64
Особени настани во Ротари ----------------------------- 64
Проширување на Ротари --------------------------------- 66